Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Податоци за високообразовната установа	
Назив	Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје -Скопје.
Седиште	Димче Мирчев бр. 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.
Контакт информации	
Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)	Вонр.проф.д-р Влатко Неделковски, Декан, dekan@ffosz.ukim.mk
Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)	
Основ за надворешната евалуација	☐ Годишен план ☐ Барање на високообразовната установа ☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност ☐ Барање на министерот надлежен за високото образование
Период за кој се однесува извештајот	2023/24
Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)	0201-1244/ 7.11.2022
Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?	НЕ

Скопје, 22.8.2024 МП Декан

Вонр.проф.д-р Влатко Неделковски

1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ (ги пополнува високообразовната установа)	
Назив на високообразовната установа	Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје.
Седиште	Димче Мирчев бр. 3, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Веб страница	https://ffosz.ukim.edu.mk/
Мисија и визија на установата	Главната мисија на Факултетот е создавање на здрава популација на деца и млади кои наместо да застрануваат по несаканите патишта (наркоманија, пушење, алкохолизам), ќе ги насочиме кон физичката активност и спортот. За да може тоа да се оствари, потребно е Факултетот да образува кадри кои ќе бидат стручни и кои со личен пример ќе можат да им покажат дека физичката активност и спортот навистина значат здравје, подобар квалитет на животот во секоја возраст, но и помалку болести, не само на оние кои се поврзани со неактивност, како дебелина, деформитети и заболувања на рбетниот столб и стапалата, туку и намалување на симптомите на некои други хронични болести (шеќерна болест, хипертензија, ревматски заболувања, остеопороза и др). Друга мисија на Факултетот е да се создаваат кадри кои ќе можат да работат со различни популации на единки и тоа, со децата уште од најрана возраст, бидејќи можат да придонесат во нивниот правилен развој, па сé до најстарата популација, за да им овозможат активен живот и самодоверба. Притоа, откако децата ќе ги стекнат тие здрави навики, сигурно е дека ќе ги спроведуваат и применуваат до крајот на животот. Трета мисија на Факултетот е заложбата за доследно спроведување на Законот за спорт, со кој е предвидено во спортот да можат да работат само кадри со соодветно образование (VI/1 степен – Виш спортски тренер, VII/1 степен – Дипломиран професор по физичко и здравствено образование и Дипломиран спортски тренер по соодветниот спорт) добиено на Факулетот, кои се единствено стручни за работа во оваа област. Во нашата држава има преку 2000 спортски клубови, а во некои од нив работат необразовани и нестручни лица, а со тоа можат многу повеќе да наштетат, отколку да им помогнат на децата, младите и возрасните категории во спортот, но и во рекреацијата. Четврта мисија на Факултетот е како единствена институција која од научен аспект се бави со спортот да ги обедини сите стручњаци од разни области, кои се професори на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, а кои преку вклучување во тестирања на различно ниво можат да дадат придонес во подобрувањето на спортската форма и резултатите на спортистите. Петта мисија е афирмирање на Центарот за анализа и обработка на резултатите, во кој се создава база на податоци која ќе може да се користи за споредување на резултатите од различни популации на луѓе, од различни држави, возрасти, пол и од различни спортови. Во овој центар, сите студенти на прв, втор или трет циклус на студии ќе ги обработуваат резултатите за нивните дипломски, магистерски работи или докторски дисетрации. Шеста мисија е воспоставување соработка со останатите сродни факултети во соседството, но и во Европа, преку учество во заеднички проекти и размена на студенти и наставно-научен кадар.

	На тој начин би се овозможило не само, приближување на наставните програми, туку и обука на наставниците во однос на методите и начините на спроведување на наставата и испитите.
Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна непрофитна установа)	Вид: јавна установа. Матичен број: 6462707 Шифра на дејност: 8542 високо образование.
Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии	Студиски програми на прв циклус на студии https://ffosz.ukim.edu.mk/ - Решение за акредитација на студиска програма по Физичко и здравствено образование од Агенцијата за квалитет во високото образование, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-1137/4 од 21.1.2022 година; - Решение за акредитација на студиска програма по Спортски тренери, Одбор за акредитација на високото образование, број 08-1136/4 од 21.1.2022 година;. Студиски програми на втор циклус на студии - Решение за акредитација на студиската програма на втор циклус студии по Кинезиологија (едногодишна студиска програма), бр. на решение 08-623/4 од 23.11.2021; - Решение за акредитација на студиската програма на втор циклус студии по Кинезиологија (двегодишни студиска програма), бр. на решение 08-274/6 од 6.6.2022; - Решение за акредитација на студиската програма на втор циклус студии по Спортски менаџмент, (едногодишна студиска програма), бр. на решение 08-1018/4 од 14.4.2022; - Решение за акредитација на студиската програма на втор циклус студии по Спортски туризам, (едногодишна студиска програма),програма, бр. на решение 15-796/1 од 17.03.2022; Студиски програми на трет циклус на студии - Решение за акредитација на студиска програма на трет циклус студии – Кинезиологија, бр. на решение 1409-212/4 од 10.5.2019;
Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност	Број на наставно - научен кадар (мај 2024 година): 46, од тоа 22 редовни професори, 3 вонредни професори и 7 доценти. Број на соработници (асистенти): 3.
Број на студенти во последната учебна година, по циклус на студии	- Вкупен број на запишани студенти на 1 циклус во учебна 2023/2024: 517 - Вкупен број на запишани студенти на 2 циклус во учебна 2023/2024: 15 (во прв уписен рок) - Вкупен број на запишани студенти на 3 циклус во учебна 2023/2024: 2 (во прв уписен рок)
Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)	Факултетот за физичко образование, спорт и здравје е формиран како Факултет за физичка култура на 08.07.1977 година со одлука на Собранието на СРМ (Закон за основање на Факултет за физичка култура објавен во Службен весник на СРМ бр. 30/77 од 15.07.1977 година). Задолжен е за образување на кадри со највисока стручна подготовка од областа на физичката култура - кинезиологијата. На почетокот биле вработени 12 магистри и 4 соработници - помлади асистенти.

	На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, има две студиски програми на додипломските студии, кои во одредена мерка се компатибилни со сродните факултети во нашето соседство (Србија, Хрватска, Словенија, Црна Гора и Бугарија). Едната насока е физичко образование, односно I циклус четиригодишни академски студии за физичко и здравствено образование, а втората е спорт, односно тригодишни стручни студии за спортски тренери. Првата обучува идни професори по физичко и здравствено образование, а втората - дипломирани спортски тренери по одредена спортска дисциплина. На втор циклус на студии постојат три насоки – кинезиологија, спортски менаџмент и спортски туризам. А на трет циклус студии, постои само една насока – докторски студии по кинезиологија Од неговото формирање, па до денес е препознатлива високообразовна институција која образува кадри оспособени да се носат со предизвиците кои ги наметнува окружувањето. Практично и да нема сфера во општествено-економскиот живот во земјата каде факултетот не е застапен било преку свои вработени или пак преку дипломирани, магистрирани или докторирани студенти. Факултетот од основањето, па до денес е директно вклучен во сите процеси на локално, национално и на меѓународно ниво, а кои се од значење за општественоекономскиот развој на земјата. Во своето пет дециниско постоење факултетот успешно се справи со сите предизвици кои ги наметна окружувањето и успеа да се наметне како најреномирана и највисоко рангирана високообразовна институција од областа на економијата и бизнисот во земјата.
Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница)	- Факултет со најдолга традиција и препознатливост на националниот и регионалниот образовен пазар; - Компетентен и квалитетен наставно-научен кадар; - Континуирана политика за стручно усовршување и развој на академскиот потенцијал за изведување на наставно-научната и истражувачката дејност; - Во континуитет да се обезбедуваат услови за реализирање на зацртаните програми за работа и реализирање на студиските програми со перманентно надградување и имплементација на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на студиските и предметните програми; - Континуитет и квалитет во научно-истражувачката дејност и создавање на услови и можности за континуирано обновување и осовременување на научните и стручните знаења, креативноста, компетентноста и умешноста на наставничкиот и соработничкиот кадар; - Проширување и осовременување на објектите за наставни и научно-истражувачки цели; - Масовно и активно вклучување на студентите во наставно-образовните и другите процеси на факултетот; - Потпишани голем број меморандуми за соработка со бизнис заедницата, сортски федерации, јавниот сектор и меѓународни универзитети; - Поттикнување, организирање и интензивирање на издавачката дејност, согласно актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница)	Се јавува зголемување на објавените трудовите во реномирани научни списанија во странство од страна на кадарот на Факултетот во последните неколку години. Реализиран позитивен тренд кај објавените трудови кои што подлежат на рецензија и кои се индексирани во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank. Сите студиски програми на Факултетот за физичко образование при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се моделирани следејќи ги потребите на општеството, образованието и спортот, физичкото образование, глобалните трендови во спортскиот бизнис, како и најновите трендови на факултетите во регионот и светот од областа на физичкото образоавание, спортот и спортскиот менаџмент. На тој начин студентите се подготвуваат во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во општеството, образованието и спортскиот бизнис и да предводат развојни проекти. Склучено е партнерство за соработка и мобилност со Универзитетот од Словенија, Факултетот за спорт – Љубљана, Велико Трново, Република Бугарија, НСА-Софија, Бугарија,Факултет за спорт -Литванија, Финска и веќе се реализирани повеке мобилности на студенти и наставен кадар
Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница)	Предизивици: - Недоволната финансиска поддршка на државата за сегментот на науката, отсуството на средства за фундаментални научноистражувачки проекти, како и недоволното признавање и примена на научноистражувачката работа; - Нелојална конкуренција на пазарот на знаење; - Отсуство на посериозна финансиска поддршка на науката; - Недоволни алтернативни можности за финансирање и стипендирање на студирањето на втор и трет циклус студии - Исклучително загрижувачки демографски трендови. Недостатоци: - Недоволна искористеност на постојните меѓународни договори за соработка за конкретни активности (мобилност на вработени и студенти, заеднички проекти, истражувања); - И покрај нововработените соработници, бројот на истите - е недоволен. - Мал број на странски студенти (главно од соседни земји); - Потреба од зголемување на обемот на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава; - Недоволен број на вработени кои објавуваат трудови во влијателни научни списанија и конференции и недоволна нивна цитираност;

	- Лошите просторни материјални услов во кои се изведува наставата, што навистина ја отежнува и теоретската ипрактичната настава.

2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

Стандард 1

СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет; Линк до објава на веб страна.
Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје континуирано во последните децении превзема активности за обезбедување на квалитет, кои што вкулучуваат различен спектар на активности од студентски анкети кои го оценуваат наставниот процес, преку дизајнирање на наставни програми кои ги следат трендовите на водечките факултети за физичко, образовани и спорт (кинезиологија), во светот и одговараат на потребите на македонското образовен сиситем, спортот, спортска рекреација, па се до подобрување на научната дејност на наставниот кадар. Факултетот за физичко образование, спорт и здравје нема донесено акт за регулирање на политиката на квалитет. До донесување на посебен акт во кој Факултетот ќе ја нормира својата посветеност и во кој ќе бидат дефинирани целите. правилата и принципите на кои се темели политиката на квалитет, како и активностите кои што ќе се превземаат за нивно остварување се базира на актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. согласно: Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Законот за научно-истражувачка дејност, Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Статутот на факултетот и Политиката за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Факултетот презема активности наведени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Р.С. Македонија бр. 153/2022), Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024), и Стратегијата за обезбедување квалитет на УКИМ во Скопје (2024-2029).	
Прилози 1.1.А - Закон за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) 1.1.Б - Закон за научно-истражувачка дејност 1.1.В - Статут на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019). 1.1.Г - Статут на факултетот за физичко образование, спорт и здравје. 1.1.Д - Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (Службен весник на Република Северна Македонија бр.153/2022). 1.1.Ѓ - Правилник за обезбедување квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024). - линк 1.1.Е - Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2024 –2029).	
1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности.	Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација; Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет.
Во прилозите се дадени прашалникот од спроведените студентски анкети (прилог 1.2.А) за евалуација на квалитетот на наставата, како и деталните резултати на сите спроведени студентски анкети. години (прилози од 1.2.Б и В). На скалата од 5 (незадоволително) до 10 (одлично), во анкетата која е направена во учебната 2023/2024, просечната оцена на наставниот кадар е повисока од 9 за секој од седумте набљудувани аспекти. Така на пример, во анкетата која го опфаќа летниот семестар во учебната 2023/2024 година, просечните оцени на студентите за секој од набљудуваните аспекти се следните: 9,24 за подготвеност за предавања и вежби, 9,18 за квалитет на настава, 9,24 за редовност на часови и рационално искористување на времето, 9,05 за достапност за консултации, 9,09 за однос кон студентот, 9,20 за обезбеденост на соодветните материјали за учење и 9,00 за објективност при	

оценување.

Во периодот од 10 до 13 јуни 2024 година беше спроведена анкета преку iknow системот за перцепцијата на студентите за квалитетот на наставата каде што наставниот кадар е оценуван во 10 аспекти на скала од 1 до 5. Во анкета која го опфаќа зимскиот семестар во учебната 2023/2024 година, просечната оцена на студентите за квалитетот на наставата на наставниот кадар е 4,00. Во прилозите се дадени прашалникот на анкетата (прилог 1.2.Б).
Резултатите од евалуацијата на наставниот кадар во учебната 2022-2023 год. покажуваат релативно високо задоволство од севкупниот учинок на наставниците на факултетот.

Прилози
1.2.А - Резултати на студентска анкета учебна 2023/2024
1.2.Б - Резултати од анкета учебна 2023/2024 (iknow системот)

1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет.

Управата на установата е посветена на развојот и унапредувањето на квалитетот на образованието. Факултетот ги подобрува студиските програми, следејќи ги процесите на водечките светски институции од областа, како и потребите на македонскато образование и спорт. Сите студиски програми на Факултетот се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија. Постапката за акредитација се спроведува редовно на секои пет години. Дополнително, процесот на самоевалуација на Факултетот ги определува заканите, можностите, слабостите и предностите и дава препораки за подобрување на квалитетот на институцијата во идниот период, а управата на Факултетот ревносно работи на нивна реализација.
Кадрите кои се едуцираат на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје приоритетно се подготвуваат за потребите на образованието (работа во основното, средното и високото образование), спортските клубови на сите нивоа, спортските федерации, здруженија и асоцијаци, спортскиот менаџмет, спортското новинарство и односи со јавноста во спортот. Со промените на Законот за основно образовани и вкучување на наставник по физички образование од прво до петто одделение има недостик од дипломиран професор по физичко и здравствено образование кои со сеоето знаење ќе можат да придонесат за раэвој и подобрување на воспитно-образовната работа. Тенденцијата на факултетот е да ги подготви студентите со напредни знаења и вештини за нивно успешно вклучување во различни сегмети на воспито – образовниот и спортскиот процес .

Студиските програми го нагласува развивањето на аналитички и критички вештини, како и способноста и комуникација, вештини кои се критични за успешното функционирање на кадрите во различни сегмети на воспитно – образовниот и спортскиот процес. Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје е во постајано комуникација (неформална и формална) со Бирото за развој на образованието кој е орган на управа во состав на Министерството за образование и наука со својство на правно лице и врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република С. Македонија. Исто така, има потпишани меморандуми за соработка со Агенцијата за млади и спорт, Македонскиот Олимписки Комитет, факултети од странство и повеќе спортски федерации. Факултетот е во директна комуникација со наставниот кадар кој е вработен во предучилишното, основното, гимназиското и средното струно образование со кои се дискутира за нивните потребни од аспект на компетенции. Голема придобивка е што повеќето од претставниците од спортските федерации се сегашни или завршени сгуденти од ФФОСЗ кои имаат искуство и ги познаваат студиските програми и начинот на нивна реализација на Факултетот, а воедно ги знаат потребните вештини на кадрите во спортот. Нивната проценка на јаките страни и слабостите на студиските програми има тенденција да биде најблиску до објективна проценка. Факултетот ги зема во предвид забелешките на претставниците од Бирото за развој на образованието, Агенцијата за млади и спорт, спортските федерации, и наставниот кадар кои работи во праксата во реакредитација на студиските програми или иэработка на нови.

Со Законот за високо образование (Сл. весник 82/2018) факултетот формира Одбор эа соработка и доверба со јавност којшто дава препорака (мислење) за студиските програми. Во Одборот за сорабатка и доверба со јавност членуваат и претставници од Министерство за образование, Агенцијата за млади и спорт, спортските федерации и здруженија и бизнис заедница.
Студентите се редовно вклучени во оценување на квалитетот на наставно-образовниот процес, преку анкети, кои се реализираат почнувајќи од 2002 година;

Прилози
1.3.А - Записник од Одборот за соработка и доверба со јавноста. (дел. бр. 21-56/3 од 18.1.2021)
1.3 Б - Партнери на факултетот:

1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет.	Акт за формирање на телото; Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници.

Согласно Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.674/2024), формиран е Совет за квалитет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје - Скопје на 13.5.2024 година, каде освен членови од редот на наставниот кадар учествуваат член од стопанството и член од редот на студентите чија основна цел е ќе биде континуирано следење, преиспитување и унапредување на поставените цели во рамките на политката за квалитет. (Одлука бр.02-668/1 од 13.5.2024 година).

Прилози
1.4.А - Одлука за формирање е Совет за квалитет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје

1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата.	Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години; Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите; Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години.

Основна цел на процесот на самоевалуација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е со примена на квалитативна, анализа заснована на квантитативни податоци, со цел да се согледаат предностите, а особено слабостите, можностите и пречките во реализацијата на мисијата на Факултетот и тоа во сите сегменти од неговото делување, како би можело, врз основа на заклучоците и препораките, активностите на раководството да се насочат кон подобрување на научноистражувачката дејност, студиските програми и квалитетот на наставата. Последниот извештајот за самоевалуација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје го опфаќа периодот 2023/2024 година и е објавен на интернет страната на Факултетот.
Од извештајот може да се заклучи дека:

- Перцепција на студентите за општите услови за студирање зимскиот семестар 2023/2024 е оценет со вкупна оценка 3,83, додека за летниот семестра со оценка 3,88 (прилог 1.5.Б).
- Наставата е добро организирана, со континуирано оценување на знаењето и активно ангажирање на студентите;
- Наставниот кадар е постојано достапен за консултации со студентите, а наставната материја е добро покриена со стручна литература;
- Перцепција на наставниот кадар за квалитетот за условите за работа е оценето со оценка 3,61. Наставниот кадар е најмалку задоволен од просторните услови за работа, хигиенските услови во просториите, обезбедување на адекватна опрема (компјутер, печатач и др.) и потрошен материјал и редовното учествуво на обуки за унапредување на своето знаење и вештини (прилог 1.5.Б).
- Перцепција на стручно-административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа е оценет со вкупна оцена 4,47. Стручно-административниот кадар е најмалку задоволен од хигиенските услови во просториите кои ги користаат (прилог 1.5.Б).
- Факултетот остварува добра соработка на универзитетско ниво и индивидуално со други сродни факултети за размена на искуства;
- Недостаток на наставен кадар поради заминување на редовни професори во пензија;
- Нема доволно вработени во административна служба на Факултетот.

Прилози
1.5.А - Резултати на студентска анкета учебна 2023/2024
1.5.Б - Резултати од анкета учебна 2023/2024 (iknow системот)

1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната	Извештај од надворешна евалуација од претходниот период; Акциски план; Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план.

надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1]	
Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје како целина Надворешна евалуација е направена единствено на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје како целина (не е направена досега надворешна евалуација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје) во рамките на Програмата за институционална евалуација (ПИЕ) на Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), која беше спроведена во 2015 година. А, потоа повратна евалуација е реализирана во рамки на Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SDISP) преку Министерството за образование и наука во 2017 година. Извештајот на повратната евалуација (прилог 1.6.А) е направен од страна на независен тим на ПИЕ во состав Џорџ Шулц, претседавач Џоана Лијерус, Ленарт Олаусон, Јанис Ветра и Андре Сурсок.	
Прилози 1.6.А - Контролен извештај за евалуација, Програма за институционална евалуација на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2017 година.	

Стандард 2

СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо).	- Закон за високо образование - Статут на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - Правилник за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии - Обрасци за акредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии - Обрасци за акредитација на студиски програми на трет циклус докторски студии
Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е високообразовна установа како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка, применувачка и високостручна дејност и од научноистражувачкото подрачје општествени науки, во полето кинезиологија како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултетот Сите студиски програми на Факултетот на прв, втор и трет циклус студии се акредитирани и се во согласност со важечките законски решенија во Република Македонија. Постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје- Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е регулирана во согласност со членот 145 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82/18) и Упатствата, актите и правилата за поднесување и начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма од прв, втор и трет циклус студии од Одборот за акредитација на високото образование. Постапката за акредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно Упатството започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма/и. Сите акти и правила со кои се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус студии на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се во согласност со наведените упатства од Агенцијата за евалуација на високото образование, т.е. Одборот за акредитација на високото образование. Документите за акредитација се подготвуваат во согласност со Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на	

[1] Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

Република Македонија бр. 25/11) и во согласност со Упатството за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма.

Прилози

2.1.А - Закон за високото образование (Службен Весник на РСМ бр. 82/18) ,

2.1.Б - Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус студии (Службен весник на Република Македонија бр. 25/11)

2.1.В - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на прв циклус студии

2.1.Г - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на втор циклус студии

2.1.Д - Упатство за начинот на пополнување на елаборатите за акредитација на студиска програма на трет циклус студии

2.1.Ѓ – Образец за акредитација на студиски програми на прв и втор циклус студии

2.1.Е - Образец за акредитација на студиски програми на трет циклус студии

2.1.Ж - Статут на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје

2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии.	Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години); Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети; Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми; Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус-додипломски студии во траење од четири години , втор циклус-постдипломски студии (едногодишни и две годишни) и трет циклус студии-докторски студии и тоа на следните студиски програми

Прв циклус на студии

Во последните 5 години, во рамки на првиот циклус егзистираат 2 студиски програми (четиригодишни студии - Физичко образование и тригодишни студии - Спортски тренери). Последната реформа кај сите програми е спроведена во академската 2022/2023 година.

Студиската програма е во корелација со студиските програми на околните (регионални факултети) со наше конкретно внатрешно уредување согласно традициите и потребата на општествениот секотр.)

Втор циклус на студии

Во последните 5 години, на ниво на втор циклус егзистираат 3 едногодишни студиски програми (Кинезиологија, спортски менаџмент и спортски туризам) и една двегодишна студиска програма (Кинезиологија). Сите студиските програми се акредитирани за учебната 2022/2023 година,

Трет циклус на студии

Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, етаблирана е една студиска програма (Кинезиологија), со последна ре-акредитација во учебната 2019/2020 година.

Сите студиски програми поседуваат јасни и прецизни цели со фокус на студентот заради негово обезбедување со знаења, способности и вештини кои соодветствуваат на профилот на соодветната студиска програма и звањето со кое се стекнува студентот по завршување на студиите.

Секоја студиска програма има јасно дефинирани дескриптори на квалификации согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации (член 99 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10).

Што се однесува до одделните предметни програми, сите предметни програми се креирани со цел исполнување на целите на студиската програма. Кај сите предметни програми (задолжителни и изборни), јасно се наведени целите на предметната програма односно компетенциите со кои студентот се стекнува по завршување на соодветната програма, понатаму содржина на предметната програма, методи на учење, начин и критериуми на оценување како и методот на следење на квалитетот на наставата. Секоја поединечна предметна програма (задолжителна или изборна), поседува јасно наведена основна и дополнителна литература.

Содржината на студиските програми ги содржи сите елементи согласно член 140 од Законот за високо образование.

Содржината на студиските програми, целта на секоја програма, постигнување на резултатите од учењето, како и сите дополнителни информации за предметните програми на сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус кои се изведувале во последните пет години се достапни во приложените елаборати

Прилози

2.2.А – Елаборат за акредитација на студиска програма по Физичко и здравствено образование на прв циклус студии за 2022/2023 година.
2.2.Б – Елаборат за акредитација на студиска програма по Спортски тренери на прв циклус студии за 2022/2023 година
2.2.В – Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Кинезиологија, 2019/20 (едногодишна студиска програма)
2.2.Г – Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Кинезиологија, 2019/20 (двегодишни студиска програма)
2.2.Д – Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Спортски менаџмент, 2019/20 (едногодишна студиска програма)
2.2.Ѓ – Елаборат за акредитација на студиска програма на втор циклус студии по Спортски туризам, 2019/20 (едногодишна студиска програма)
2.2.Е – Елаборат за акредитација на студиска програма на трет циклус студии – Кинезиологија, 2019/2020

2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки.

Сите студиски програми на Факултетот за физичко образование при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се моделирани следејќи ги потребите на општеството, образованието и спортот, физичкото образование, глобалните трендови во спортскиот бизнис, како и најновите трендови на факултетите во регионот и светот од областа на физичкото образоавание, спортот и спортскиот менаџмент. На тој начин студентите се подготвуваат во целост да одговорат на потребите на македонскиот приватен и јавниот сектор, да се вклучат во општеството, образованието и спортскиот бизнис и да предводат развојни проекти.

Во согласност со Статутот на ФФОЗС, на Факултетот за Физичко образование спорт и здравје основана е Катедра за физичко образование спорт и спортски менаџмент за нематични факултети во преку што се врши настава на повеќето факултети на УКИМ.

Сите студиски програми на прв, втор и трет циклус на студии имаат добиено позитивно мислење од страна на Одборот за соработка и доверба со јавноста (прилог 2.2. Елаборати).

Прилози

2.3. Одлука за формирање на Одборот за соработка и доверба со јавноста https://ffosz.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/11/odluka-odbor-za-sorabotka-i-doverba.pdf и Записник **https://ffosz.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2024/11/zapisnik-od-odborot-za-sorabotka-i-doverba-so-%D1%98avnosta.-del.-br.-21-563-od-18.1.2021.pdf**
Статут на ФФОСЗ е даден во прилог 2.1 Ж
Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2

2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка	Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки; Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми;

на студентите.	
Студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот се креираат, ревидираат и се подобруваат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (здруженија од струката, спортски клубови, спортски федерации, бизнис заедницата, државни органи и други организации, реномирани студиски програми на странски универзитети и сл.) со цел да се избегне нивно застарување и да се одговори на современите потреби на пазарот на труд за високо-образован кадар од областа на кинезиологијата. При подобрување на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот, како пример и најдобра практика за соработка со студентите може да се издвои спроведувањето анкета низ потенцијалните работодавачи на идните дипломирани професори по физичко образование и спортски тренери. Имено, учесниците во процесот на подготовка на елаборатите за акредитација/реакредитација на студиските програми добиваат feed-back од спортската фела и компаниите во однос на потребните компетенции на дипломираните професори по физичко образование и спортските тренери. Податоците и информациите прибрани на овој начин се анализираат, а програмите соодветно се прилагодуваат на потребите на пазарот на труд, развојните потреби на домашната спортска структура, спортскиот бизнис секторот и светските трендови со цел да се избегне нивно застарување и на тој начин да се овозможи конкурентност на студентите во стекнатите знаења и вештини за профилот за кој стекнуваат високо-образовни квалификации преку соодветната студиска програма.	
Прилози 2.4.А Мислење на одборот за соработка и доверба со јавноста (се наоѓа и е дел од секој елаборат за студиската програма Извештај-Мислење за студиска програма ФЗО прв циклус бр. 21-150/2 од 15.02.2021 год. Записник - НЕМА Извештај-Мислење за студиска програма СПОРТСКИ ТРЕНЕРИ прв циклус бр. 21-150/1 од 15.02.2021 год Записник - НЕМА. Извештај-Мислење за студиска програма КИНЕЗИОЛОГИЈА втор циклус бр. 21-150/3 од 15.02.2021 год. Записник - НЕМА Извештај-Мислење за студиска програма СПОРТСКИ ТУРИЗАМ втор циклус бр. 0201-105/11 од 13.02.2018 год. Записник - НЕМА Извештај-Мислење за студиска програма СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ втор циклус бр. 15-473/1 од 25.05.2021 год. Записник - НЕМА Извештај-Мислење за студиска програма КИНЕЗИОЛОГИЈА ТРЕТ циклус бр. 21-217 од 19.02.2019 год. Записник - НЕМА Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2	
2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства.	Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература); Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години. Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства.
Примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми При изработка на студиските програми континуирано се води сметка за нивно усогласување со најдобрите практики и светски искуства со цел да се задоволат потребите на пазарот и општествените потреби. Кај сите студиски програми е присутен напор за постојано иновирање и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми присутни на реномираните странски универзитети При изработката на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии особено се водеше сметка да се постигне меѓународна (регионална) препознатливост на програмите со примена на најдобрите светски искуства во структурирањето на поединечните студиски програми. Кај студиските програми посебно е нагласена тенденцијата за нивно континуирано усовршување и реформирање со цел доведување во состојба на компатибилност со соодветните студиуми во светот. Препознаена е потребата од континуиран трансфер на знаења и користење на позитивните искуства од соодветните студиски програми на реномираните странски универзитети. Сите студиски програми се во согласност со програмите на повеќе универзитети рангирани на Шангајската листа на универзитети (Ниш, Загреб, Белград, Љубљана...) Исто така, при креирање на студиските програми се води сметка и за Европската димензија преку усогласување на програмите со повеќе универзитети во Европа.	

Додадената вредност од вмрежување и вклучување надворешна експертиза и референци во студиските програми во форма на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми е препознаена и инкорпорирана во некои студиски програми на факултетот со нивната последна измена.
Во последните 5 години во студиските програми како експерти и надворешни соработници, на покана предавања одржале повеќе гости предавачи од домашната спортска заедница и претставници на релевантни меѓународни (регионални) институции..
Дојдовна мобилност на странски наставен кадар (Incoming Mobility)
Во периодот 2019-2023 година, 11 професори од 6 европски универзитети одржале предавања на Факултетот за физичко образование спорт и здравје Скопје во рамките на Horizon и билатерални проекти, како и CEEPUS и Erasmus+ мобилности.
Деталната табела е прикажана во прилогот 2-5А (причкачени во Прилог 9.4Б)
Сите акредитирани студиски програми од прв, втор и трет циклус студии се изработени во согласност и се компатибилни со единствениот европски простор за високо образование, а при изработка на програмите се водеше сметка и за споредливоста со програмите на европски образовни институции. Овие информации се достапни во елаборатите за акредитација/реакредитација на секоја студиска програма прикажани во точка 13.2.
Степен на усогласеност на студиската програма со програмите на најдобрите универзитети во светото и со единствениот Европски простор за високо образованите (прилог 2.2. Елаборати).

Прилози
Сите елаборати на студиските програми се дадени во прилогот на 2.2.
2.5.А Листа на професори - дојдовна мобилност на странски наставен кадар (причкачени во Прилог 9.4.Б)
2.5.Б. Студиските програми на околните (регионални факултети) -https://www.fsfv.ni.ac.rs/studije/studije-1-stepena/osnovne-akademske-studije-fizicko-vaspitanje-i-sport, http://www.fsfv.bg.ac.rs/sr/predmeti,

2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи.	Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми); Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми; Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми.

Усогласеност со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС)
Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структурирани активности кои му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии.
Оптоварувањето му овозможува на студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите по сопствен избор. Практичната настава која се спроведува во установата во организирана форма соодветно е валоризирана во вкупното оптоварување на студентот и нејзината реализација редовно се следи.
На Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје системот на студирање е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), и напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити. На овој начин оптоварувањето на студентот со активности во установата е соодветно димензионирано за секој циклус и овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студирањето.
Студирањето според ЕКТС се заснова врз нумеричко, т.е. квантитативно мерење и изразување на степенот на оптовареноста на студентите по одделни предметни програми во текот на семестарот, т.е. на учебната година, како и вкупниот обем на активностите потребни за успешно завршување на студиската програма.
Преку доделување нумерички вредности на секој предмет, ЕКТС - кредитите го претставуваат обемот на работа што студентот мора да го реализира за да го положи испитот. ЕКТС - кредитите се релативно мерило, бидејќи обемот на работа за еден предмет го стават во однос со вкупниот обем на работа потребен да се комплетира цела една студиска година, во што се вклучени: предавања, практична работа, семинари, периоди на практично искуство, индивидуална работа - во библиотеки или во местото на престој - како и испити и други можни методи на евалуација. ЕКТС е заснован на вкупниот обем на работа на студентот, а не само на посетувањето настава. Во рамките на ЕКТС, општо правило е дека 60 кредити претставуваат (оптимален) обем на работа за една академска година, т.е. 30 кредити се еквивалент за еден семестар. Според ЕКТС, оптоварувањето на студент на прв циклус студии е димензионирано на 240 ЕКТС распоредени во четири студиски години по 60 кредити и 180 ЕКТС

распоредени во три студиски години по 60 кредити , понатаму, на втор циклус студии 60 односно 120 ЕКТС (едногодишни односно двегодишни студии респективно) и трет циклус на студии од 180 ЕКТС.

Упатство за изведување практична настава од страна на студентите

Процедурата за реализирање практична настава на студентите е регулирана преку одредени предмети, според кое студентот може да оствари практична настава во организации – установи со кои Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје има склучено Договор за изведување практична настава за студенти.

Детална листа е прикажана во прилогот 2-6Б).

Практичната настава се изведува по одрдени предмети. Пред почетокот на практичната настава од страна на Факултетот на студентот му се издава документ – потврда (упатница) за негово упатување до организацијата – установата каде ќе се реализира наставата, потпишана од деканот (или продеканот за настава). Во текот на реализација на практичната настава, студентот е под надзор на ментор од Факултетот, кој го следи успешното реализирање на практичната настава.

Студентот за време на реализацијата на практичната настава води дневник за секојдневните активности. По завршување на практичната настава, студентот е должен до одредениот предмет да достави потврда за остварената практична настава, заверена од страна на организацијата – установата каде ја реализирал истата. Практичната настава за студентите се врши во рамки на учебната година.

Центарот за кариера за поддршка на студентите

Согласно член 12, од Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со одлука на Наставно – научниот совет, формиран е Центарот за кариера на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Начинот на работа, делокругот, надлежносите и активностите на Центарот за кариера се утврдени со Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

На Факултетот се водат алумни дата база на податоци во електронска форма за дипломирани студенти и тоа: дипломираните студенти пополнуваат пристапница која содржи: основни лични податоци за дипломираниот студент, студиска програма и насока, степен на образование, година на дипломирање, податоци за контакт (телефон, e-mail адреса и сл.). Преку пристапниците кои ги потпишуваат студентите, овозможуваат Центарот за кариера да оствари комуникација со јавни и приватни институции во насока на нивно идно вработување.

Согласно член 7, од Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на УКИМ, Центарот за кариера на ФФОСЗ во состав на УКИМ –Скопје, во согласност со своите надлежности ги превзема следните активности:

Учествува во организација на задолжителната практична настава на студентите во основните и средните училишта во Македонија.

Организира и реализира практична настава со студентите.

Во насока за поттикнување и организирање на волонтерската работа на студентите, Центарот за кариера ангажира студенти врз база на волонтерство во следните активности: координатори на спортски натпревари: фудбал, ракомет, кошарка, одбојка, атлетика, карате, куглање и др., промотори на физичката активност во функција на здравјето, активни учесници во Аеробик конвенциите кои се организираат низ нашата држава и надвор од неа, во Европската недела на движење (“MOVE WEEK”), манифестации и проекти под покровителство на Претседателот на државата “Спортот во функција на подобрување на меѓуетничките односи и толеранцијата“, спортот во функција на намалување на насилството и агресијата кај младите“.

Склучено е партнерство за соработка и мобилност со Универзитетот од Словенија, Факултетот за спорт – Љубљана, Велико Трново, Република Бугарија, НСА-Софија, Бугарија,Факултет за спорт -Литванија, Финска и веќе се реализирани повеке мобилности на студенти и наставен кадар. Детална листа е прикажана во прилогот 2-6А

Во рамките на проектот “Континуирано усовршување на професорите пофизичко образовани, спорт и здравје“, кој се рализира во соработка со Министерството за образование, Агенцијата за млади и спорт и Бирото за развој на образованието во Република Македонија, Центарот за кариера анажира студенти и дипломирани професори кои се и несе во работен однос.

Центарот за кариера организира посети на студентите во спортските федерации и спортските клубови, со цел запознавање со функционирањето на истите.

Прилози

2.6.А Партнери на факултетот

2.6.Б. Договор за изведување практична настава за студенти. https://ffosz.ukim.edu.mk/dogovor-za-koristene-na-bazen/

2.6.В. Центар за кариера на ФФОСЗ

2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.	Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2]

Транспарентност преку веб страната на факултетот

Сите информации за студиските програми на сите три циклуси се објавени на сајтот на Факултетот и истите кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата.

Со последната реформа – За изведување на наставата по физичко и здравствено образование од прво до петто одделение се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование (Закон за основно образование, член 54, став 5, „Сл. весник на Р. С. Македонија“, бр. 161/2019).

Прилози
2.7.А - Елаборати на сите студиски програми (прв циклус , втор циклус, трет циклус)
2.7.Б (Закон за основно образование, член 54, став 5, „Сл. весник на Р. С. Македонија“, бр. 161/2019).
https://www.slvesnik.com.mk/Issues/dc070a58a138483aa68da4517a10ac1e.pdf

2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници.	Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата; Индикатори и заклучоци; Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати.

Студиските програми периодично се ревидираат со цел да ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница.
Факултетот за физичко оразование спорт и здравје – Скопје, континуирано ги следи и периодично ги ревидира своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница во рамки на законски предвидените рокови за акредитација односно реакредитација на студиските програми. За сите промени, учесниците и засегнатите страни се навремено известени. (Прилог 2.8.А.)
Информациите за сите ревидирани студиски програми, како и за новововедените студиски програми се навремено објавени на веб страната на Факултетот, и достапни за сите заинтересирани страни.
Постапката за акредитација-реакредитација се спроведува редовно, на пет години, а согласно упатствата започнува една година пред истекот на тековната акредитација на соодветната студиска програма/и.

Прв циклус на студии
Во последните 5 години, во рамки на првиот циклус егзистираат 2 студиски програми (четиригодишни студии - Физичко образование и тригодишни студии - Спортски тренери). Последната реформа кај сите програми е спроведена во академската 2022/2023 година.

Втор циклус на студии
Во последните 5 години, на ниво на втор циклус егзистираат 3 едногодишни студиски програми (Кинезиологија, спортски менаџмент и спортски туризам) и една двегодишна студиска програма (Кинезиологија). Сите студиските програми се акредитирани за учебната 2022/2023 година,

Трет циклус на студии
Согласно принципот за формирање единствена Школа за докторски студии на ниво на Универзитетот, етаблирана е една студиска програма (Кинезиологија), со последна ре-акредитација во учебната 2019/2020 година.
Наставата на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје редовно се спроведува согласно утврден распоред на часови кој се објавува на веб страната на Факултетот.
Во дел од извештајниот период односно учебните 2020/21, година наставно – образовниот процес се реализираше на далечина преку користење соодветни платформи за електронска двонасочна комуникација: Microsoft Teams започнувајќи од 11 март 2020 година, кога беше прогласена пандемија на ниво на државата и наставата со физичко

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

присуство на факултетите согласно одлуката на Владата беше суспендирана. Во многу краток рок, беа направени подготовки и беше реализирана целосна миграција на наставата на далечина и истата од 19 март 2020 продолжи да се изведува целосно онлајн и редовно согласно официјалниот распоред.
Реализацијата на наставно – образованиот процес во учебната 2020/2021 година, беше успешно спроведен со почитување на постојните и донесување нови одлуки во услови на пандемија. Наставно – образовниот процес во учебната 2021/2022 година се реализираше на далечина преку користење на наведените платформи за електронска двонасочна комуникација. Во текот на летниот семестар во учебната 2021/2022 година, се донесе одлука со која се предвиде, колоквиумите и испитите да се реализираат со физичко присуство на Факултетот, што претставуваше чекор кон враќање на студентите на Факултетот, но и своевидна подготовка за учебната 2022/2023 година, која се реализира со физичко присуство.

Прилози
2.8.А. Студиски програми од прв циклус https://ffosz.ukim.edu.mk/nastaven-plan-prv-cziklus-studii/
2.8.Б. Студиски програми од втор циклус https://ffosz.ukim.edu.mk/nastaven-plan-vtor-cziklus-studii/
2.8.В. Студиски програми од трет циклус

2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат.	Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години.

На Факултет за физичко образование спорт и здравје – Скопје се прибираат статистички податоци редовно се следат и системски се анализираат, а потоа служат за донесување соодветни одлуки базирани на податоци. Во поглед на студиските програми,
Факултетот го следи бројот на студенти (новозапишани, испишани, дипломирани), просечни оцени, број и причини за испишување на студентите те. напуштање на студиите итн.
Во продолжение следи приказ на некои од основните податоци:
- Прв циклус на студии
Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје во последните неколку години позитивно се соочува со негативни демографски трендови кои се случуваат во нашата земја, изразито неповолни миграциски процеси и општо смален интерес за студирање на општествените науки. Сепак може да се заклучи дека кинезиологијата останува привлечна високообразовна институција за идните бруцоши и доминантна во делот на општествените науки во Република Македонија. Треба да се потенцира дека и во анализираниот период, и покрај неповолните трендови и функционирањето во услови на пандемија, интересот за запишување на студенти во прва студиска година, на прв циклус на студии има тенденција на зголемување.
Автоматизацијата и зголемените седетарни навики ги потикнуваат младите да ја бараат својата егзистенција во спортско рекреативниот сектор, а со реформата воведување на настава по физичко образовани во одделенската настава заентирисираноста од студирање на факултетот е во нагорна линија.
Во учебната 2020/2021 година, на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје, во трите уписни рока беа запишани вкупно 128 нови студенти.
Во учебната 2021/2022 година, на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје, во трите уписни рока беа запишани вкупно 144 нови студенти.
Во учебната 2022/2023 година, на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје, во трите уписни рока беа запишани вкупно 146 нови студенти. Бројот на слободни места во државна квота.е исолнет уште во првиот уписен рок.
На Факултетот во учебната 2020/2021 година на првиот циклус на студии се евидентирани вкупно 538 студенти. Во следната 2021/2022 година на првиот циклус на студии се евидентирани вкупно 533 студенти, а во 2022/2023 имало 499 студенти. После завршувањето на трите рока на прв циклус во учебната 2023/24 година има вкупно 519 студенти.
Режимот на студирање на факултет е согласно со Болоњскиот процес и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), и напредувањето на студентите е според освоените ЕКТС кредити.

- Втор циклус на студии
Во учебната 2020/2021 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале 12 кандидати.
Во учебната 2021/2022 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале 12 кандидати.
Во учебната 2022/2023 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале 13 кандидати.
Во учебната 2023/2024 на втор циклус студии (прв и втор уписен рок), се запишале 12 кандидати

Во анализираните учебни години состојбата со упис на студенти на втор циклус студии останува воглавно константна. Генерално, може да се констатира дека интересот за упис на студенти на втор циклус студии е намален споредено со периодот од пред десетина години, но сепак, преку иновирањето нови студиски програми на втор циклус студии, би можело да се очекува подобрување, односно поголем интерес при запишувањето на втор циклус студии во периодот што следи.
Во 2021/2022 година. на вториот циклус на студии магистрирале вкупно 6.
Следната 2022/23 година на вториот циклус на студии магистрирале вкупно 4 кандидати
Во третата за овој период на известување 2023/24 година на вториот циклус на студии магистрирале вкупно 8 кандидати, што претставува голем пад во однос на претходни години.

Трет циклус на студии
Во 2020/2021 година на трет циклус на студии – Докторска школа, во двата уписни рока, на студиската програма на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје се запишале вкупно 10 кандидати.
Во 2021/2022 година на трет циклус на студии – Докторска школа, во двата уписни рока, на студиската програма на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје се запишале вкупно 10 кандидати
Во 2022/2023 година се запишале вкупно 11 кандидати
Во 2023/2024 година. на тртиот циклус на студии се запишале вкупно 3
Може да се забележи дека во овие три години има намалување во уписните бројки и истите се релативно ниски, но очекувано, имајќи го во предвид трошокот на школарината.
Во 2021/2022 со највисоко звање Доктор на науки се стекнале 7 кандидати,
во 2022/23, 5 кандидати
во 2023/24 година со највисоко звање Доктор на науки се стекнале1 кандидати.

Прилози
2.9.А Образец од водичот - Статистичките податоци на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје
2.9.Б Образец од водичот - Просечните оценки по предмети на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје

Стандард 3

СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес.	Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа; Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата; Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење.

Механизам 1 – Јасно дефинирани надлежности во статутот на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје
Механизмите кои обезбедуваат процес на изведување на програмите на начин со кој се мотивираат студентите да земат активно учество во процесот на учење на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје е обезбеден преку повеќе акти и документи - кои доследно се спроведуваат во практика.
Во статутот на Факултетот јасно се дефинирани сите надлежности на засегнатите страни во доменот на изведувањето на наставата - посебно се посочени надлежностите на Катедрите, кои според статутот во рамките на својата дејност меѓу другото: остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност; соработуваат при приготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа; даваат предлози и мислења на актите на Факултетот и на другите акти со кои се регулира наставно-образовниот процес; ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научно-истражувачката и применувачката работа; развиваат научни дисциплини, врз кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области; се грижат за пренесување на научно-истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии; развиваат современи педагошки методи; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научно истражувачката и применувачката работа.
Статут на ФФОС3

Механизам 2 – Јасно дефинирани активности кои се предмет на оценување низ Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Факултетот за физичко образование спорт и здравје – Скопје објавена во Универзитетски гласник бр. 562 од 27 август 2021 година
Механизам 3 – Директно информирање на студентите за правилата и стандардите низ Структура на студиските програми, Информатор за студирање и Елаборатите за соодветните студиски програми (Прилог 3.1.)
Структура на студиските програми кој ги објавува Факултетот за физичко образование спорт и здравје – Скопје), а посебно во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно, исто така, јасно и детално се посочени и елаборирани правилата, стандардите со кои се утврдува квалитетот на наставата - меѓутоа и начините за учество на студентите во процесот на учење и наставата. Се разбира секој од овие механизми одговара на природата на дисциплината - практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви итн.

Прилози
3.1.А Статут на ФФОСЗ
3.1 Б Правилник за студирање- правилник за прв и втор циклус
3.1.В Информатор за студирање
3.1.Г Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Факултетот за физичко образование спорт и здравје – Скопје
3.1.Д Структура на студиската програма - прв циклус фзо табела 6.1. Распоред на предметите по семестри и студиски години за академски студии (ас)
3.1.Ѓ Структура на студиската програма прв циклус- спортски тренери табела 6.1. Распоред на предметите по семестри и студиски години за академски студии (ас)
3.1.Е Распоред на часови и академски календар

3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи.	Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно; Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми; Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата.

Овозможена флексибилност
Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 25 - и останатите Член 26-31) се наведени и детално елаборирани начините преку кои може да се изведува наставата (иако не се ограничува само на истите) на Универзитетот и Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје: предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти, теренска настава, курсеви и сл. Се остава флексибилност и за вклучување (лице во лице или виртуелно) на предавачи и гости од други високо образовни институции во наставата на факултетот - сите овие можности се целосно искористени од Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје и тоа од секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики.
Дополнително и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (член 21) јасно се наведени начините и механизмите, односно што може да биде предмет на оценување - колоквиуми, вежби, практична работа, презентација, теренска настава, проектна работа и многу други работи предвидени во предметната програма.

Воведување на иновации во наставата
Најголем дел од програмите користат и иновативни пристапи во наставата кои се стимулираат и поттикнуваат и од менаџментот на Факултетот - гости предавачи од практиката (струката) и другите научно-истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања предавања, студии на случај во наставата, користење на модерна технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството итн.
Во статутот на Факултетот дополнително се утврдени надлежностите на Катедрите во доменот на изведувањето на наставата: ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми; се грижат за пренесување на научно-истражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;

развиваат современи педагошки методи; предлагаат мерки за унапредување на наставната, научно истражувачката и применувачката работа.

Во оваа насока секоја студиска програма развива посебен пристап кон наставата, најсоодветен на содржините и програмата која треба да ја пренесат на студентите - вклучувајќи и посебни и иновативни пристапи кон наставата.

Инавотивни методи.

Во практичната настава за пообјективно оценување на спортските елементии од одредени спортски дисциплини како што се (гимнастика, атлетика, скијањето, пливањето) и одредени спортски игри наставниот кадар користи мобилни апликации кои се специјализирани за анализа на спортските движења како што се:

1. **Hudl Technique** – Апликација која овозможува видео анализа на движењата, со забавување на снимките и додавање на разни графики за анализа на техниката.
2. **MyRun** – Ова е апликација за трчање која користи сензори за да ја следи техниката на трчање и да дава препораки за подобрување на форма и брзина.
3. **Coach's Eye** – Апликација која овозможува видео анализа и повратни информации во реално време, со користење на забавување на видео и анализа на движењата.
4. **Kinovea**: Бесплатна програма која нуди основни алатки за анализа на движењата, со можност за мерење на агли и споредба на видеа.
5. **MySwimPro** - е апликација која овозможува следење на правилното изведување на техниката во пливањето.
6. **Carv**: Ова е паметен сензори поставени на скијачките чевли за да ги следи аглите, притисокот и позициите на телото. Апликацијата дава повратни информации во реално време за подобрување на техниката и оптимизирање на скијачките движења.
7. **HomeCourt -** Оваа апликација е специјализирана за кошарка и користи вештачка интелигенција за да анализира и подобри техники, особено при шутирање и дриблинг. HomeCourt користи камера и вештачка интелигенција за детално следење на движењето. Автоматско следење на позицијата, аглите и висината на скоковите, брзината на движењата, прецизност на шутевите и детални насоки за корекција на техниката.

За објективно оценување на спортските перформански на студентите се користат инструментите од Аналитичко-дијагностичка лабораторија како што се: Optojump - напреден систем за анализа на спортски перформанси кој овозможува детално мерење на параметрите поврзани со движењето и скоковите. Сензори за брзина и брзина на реакција, динамометри за мерење на сила и сл. За оценување и следење на функционалните параметри во наставата се користат паметни монитори за следење на срцева фреквенција, брзина и длабочина на дишењето, нивото на кислород во крвта, телесната температура и други важни параметр.

За проценување на телесниот сосотав на студентите се користи најсовремен уред InBody 720 за анализа на телесниот состав кој користи биоелектрична импеданса (BIA) за да обезбеди детален преглед на составот на телото. Овој уред ги прикажува процентот на телесни масти, вкупната мускулна маса, и мускулната маса распределба по делови на телото.Овозможува мерење на вкупната телесна вода и нејзината распределба, што помага при откривање на дисбаланс или задршка на течности. Ги анализира одделно горните и долните екстремитети и торзото, што овозможува детален преглед на мускулната маса и мастите во различни делови на телото.Обезбедува информации за базалниот метаболизам, што е корисно за планирање на исхрана и тренинг програми.

Прилози

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.2. Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми

3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти.	Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.; Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости; Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата.
Редовно се адаптираат начините на изведување на наставата	

Посебно е важно да се напомене дека секоја студиска програма и компетенциите, вештините кои ќе ги обезбедува - јавно и транспарентно се објавуваат во дескрипторите на истите на веб страната на Факултетот за Физичко образование спорт и здравје - Скопје.
Деталните начини/пристапи (по секоја студиска програма) кои се користат во наставата каде може да е види интердисциплинарноста и интеракцијата во пристапите, како и фокусот во обезбедување знаења и вештини на студентите се презентирани во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно (наведени подолу). Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во наставата. Се разбира секој од овие механизми одговара на природата на студиската програма
Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти - постојат и бројни примери во зависност од конкретните предметни програми
Примери за можности за изведување на наставата и пристапи на учење: теренска работа, практична задача, проект, домашна работа, истражувачки есеј, подготовка на литература, изведување на презентации, посебни вежби, определени курсеви, гости предавачи од практиката и другите научно-истражувачки институции/организации во земјата и странство, практични посети на терен и теренски предавања, виртуелни гостувања предавања, студии на случај во наставата (застапени се во секоја студиска програма), користење на модерна технологија (видеа, електронски алатки, бази на податоци) во наставата, организирање на посебни курсеви на дополнителни теми и области од интерес за студентите, организирање на проектни активности од интерес на студентите и општеството, посета на соодветни компании работа на конкретни проблеми/предизвици итн.
Континуирано се следи наставата, се постапува по детектирани слабости/недостатоци и се прават соодветни корекции и прилагодувања.
Основна цел на самоевалуацијата е да го процени квалитетот на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на првиот и вториот циклус студии на Факултетот за физичко образование спорт и здравје– Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Врз основа на анализа и проценка на клучните елементи, како што се наставните програми, наставниот кадар, наставно-образовната дејност, научно-истражувачката работа, студентите, просторните и материјалните ресурси, надворешната соработка и финансирањето и со помош на SWOT анализата да се разоткријат добрите и лошите страни, како и да се предложат мерки за нивно подобрување, релативизирање или целосно отстранување. Подетално за извештаите и резултатите достапно на веб страната на факултетот (2016-2018 година) и (2019-2021 година).

Прилози
Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.	Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн.

Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програма со приказ на различни формални алатки за оценување

- Разработена регулатива и процеси за достапност на информациите

Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, како и детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користат за секоја студиска програма. Професорите и наставниот кадар се детално запознаени со рамката (методите, принципите, техниките) на оценување, имаат доволна флексибилност за прилагодување на алатките на оценување на своите наставни програми и доколку е потребно можат да побараат поддршка од институцијата за развивање на сопствените вештини во оваа поле.

- Детално се утврдени и елаборирани механизмите /алатките на оценување

Важно да се напомене дека во оваа насока за секоја студиска програма- јавно и транспарентно се презентирани начините на оценување на студентите кои овозможуваат да се демонстрира нивниот степен на постигнати

резултати - на веб страната (во Елаборатите на студиските програми)

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 40 до 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 21 до 30) јасно се наведени и детално елаборирани предметот на оценување трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување, изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Факултетот за физичко образование спорт и здравје–Скопје и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики. (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски)

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно (наведени подолу). Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во оценување на студентите, како и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет.

Дополнително на почетокот на наставата за секоја наставна дисциплина (предмет) одговорниот наставник детално ги запознава студентите со курикулумот за соодветниот предмет каде што составен дел покрај релевантната литература и начинот на изведување на наставата, преставува и начинот на кој ќе биде изведено оценувањето за конкретниот предмет и кои се елементите кои се валоризираат при сумирање на завршната оцена.

Прилози

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.4.А Преглед на методите на оценување и испитување на студентите во проценти на ниво на установа (ОБРАЗЕЦ од водичот)

3.4.Б Листа на предмети и методи на оценување и испитување на студентите (ОБРАЗЕЦ од водичот)

3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати.	Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување.

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 40 до 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 21 до 30) јасно се наведени и детално елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување, изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Факултетот за физичко образование спорт и здравје–Скопје и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики.

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во оценување на студентите, како и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет.

Прилози

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи.	Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо); Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето; Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето; Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи.

Постои детална регулатива (акти) кои ја регулираат областа, а достапни се и информации, детални објаснувања за методите на оценување, вреднување и различните пристапи/алатки кои се користа за секоја студиска програма

- Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со сите процедури

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (член 40 до 56), како и во Одлуката за правила на студирање на прв и втор циклус студии (членови 21 до 30) јасно се наведени и детално елаборирани предметот на оценување (колоквиуми, вежби, практична задача, семинарски трудови, есеи, проекти итн.), процесот на пријавување, изведување на испитот, испитните рокови, јавноста на испитот, изведување на оценки по испитите, поднесувањето на приговори и постапувањето по истите, комисиско полагање, завршно оценување, а наведени се и обврските на засегнатите страни во целиот процес на оценување. Целата оваа рамка на оценување/вреднување е доследно почитувана од вработените на Факултетот за физичко образование спорт и здравје–Скопје и тоа во секоја посебна студиска програма согласно нејзините специфики

- Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите

Деталните начини/пристапи во оценувањето (по секоја студиска програма) се презентирани во Елаборатите за акредитација на секоја студиска програма посебно. Тука јасно и детално за секоја студиска програма, меѓутоа и за секоја научна дисциплина посебно - се елаборирани пристапите во оценување на студентите, како и нивната прилагоденост согласно целите на секој посебен предмет

- Студентите добиваат повратни информации поврзани со совети за понатамошниот процес на учење

Студентите се известени за нивните оценки/резултати во период од најмногу 5 дена по завршување на испитот. Добиените оценки/резултати се достапни на огласна табла (или електронската огласна табла по што следува задолжителниот увид во тестот (кој може да го побараат и на кој можат да присуствуваат сите студенти) и кој следува неколку дена по објавување на резултатите - на увидот или на договорени консултации студентите може да добија конкретни информации за остварените резултати и насоки како можат да го унапредат процесот на учење во соодветната наставна материја. Оценките исто така се објавуваат (внесуваат) во електронскиот систем на факултетот iKnow .

- Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето

Прилози

Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за 2023/24 година се дадени во Образец 3.4.Б.

Прилозите во овој дел се идентични со тие кои што се дадени во 3.1.

3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен.	Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите; Акти за спречување на корупцијата на установата; Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби; Приказ на пријави на корупција во установата.

Воспоставен систем и регулатива за постапување по жалби на студенти и пријавување корупција

Системот и процедурите за поднесување на жалби, пријави за корупција ги следи строго поставените процедури и постапки за жалби и пријавување корупција дефинирани во Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18); Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; - а посебно во детална Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите - сите транспарентно објавени на веб страната на Факултетот. - линк

Согласно оваа Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите – на Факултетот за физичко образование спорт и здравје - Скопје, е пропишана целта процедура/постапката за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање на мерки за обезбедување и заштита на личните и друг податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи со примена на прописи за заштита на лични податоци

- Дефиниран и транспарентно презентиран систем на евиденција на доставување, постапување и исход од секоја постапка

Согласно оваа Процедура на Факултетот, по доставување на секоја пријава и по завршување на секоја постапка овластеното лице составува извештај за исходот од постапката како и за преземените/предложените мерки за отстранување на противправните дејствија по пријавата и на штетните последици по укажувачот настанати во врска со внатрешното пријавување (член 11).

Извештајот се заверува и архивира исто како и пријавата за постапката. Овластеното лице е задолжено да изготвува полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи и истиот го доставува до Државната комисија за спречување на корупција (член 14).
Факултетот на својата веб страна (линк) согласно регулативата има јавно поставено и лице овластено лице за прием на пријави од укажувачи дипл. правник Елена Даскалова –секретар на Факултетот, како и контакт за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување: email: sekretar@ffosz.ukim.edu.mk

- Факултетот има отворена политика на прием на жалби /пријави

Постои и отворена политика на Факултетот со која се зема предвид и секоја жалба, пријава која е доставено по електронски пат или лично пренесена до било кој член од управата на факултетот. Менаџментот на факултет при секој допрен глас ќе го активира целиот законски поставен систем и сите процедури кои стојат на располагање

- Досега не постојат пријави

Прилози
3.7 А - Закон за заштита на укажувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 196/2015, 35/18).
3.7 Б - Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор
3.7 В Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите
3.7 Г Овластено лице за прием на пријави од укажувачи: Елена Даскалова –секретар на Факултетот, контакт за поднесување на пријави за заштитено внатрешно пријавување ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ

Стандард 4

СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни.	Акт во кој е регулирано прашањето; Линк до веб страна на објавата.

Јавно достапни дефинирани и усвоени прописи за сите фази од студирањето

Во Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје јасно се утврдуваат условите, критериумите, правата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус (постдипломски студии).

Во Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје уште подетално се образложени и уредени уписните постапки, студентскиот календар, напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, испитниот режим, завршување на студиите, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена во Законот за високо образование, заштита на правата на студентите, органите надлежни за водење на постапките и одлучување, дисциплинската одговорност и правата и должностите на студентите во дисциплинската постапка и други права и должности на студентите.

Прилози
4.1.А - Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
4.1.Б - Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во

Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје.	
4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации.	Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот; Доказ дека системот е функционален.

Утврдена постапка и алатки за собирање или следење на напредок на студентот.
Следењето и водењето на евиденција на напредокот на студентите се врши согласно дефинираната рамка во Законот за високо образование, Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје и Правилникот за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје.
Согласно Законот за високо образование (член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Формата и начинот на водењето (во материјална и електронска) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани. студенти ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.
Согласно наведените прописи се води студентско досие во хартиена и електронска форма каде што јасно може да се видат сите активности поврзани со напредокот на студентот низ студирањето. Исто така се води и матична книга на студентите каде што се наведени сите информации, генералии и чекори за секој студент за време на студирањето.
Електронски систем на евиденција на напредокот на студентите, како и следење на неговите активности низ процесот на студирање - како од страна на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје, така и од секој поединечен студент - овозможува iKnow системот - во овој систем секој вработен на факултетот и секој регистриран студент по безбедносна автентикација може да пристапи до информации за своите активности и напредок низ студискиот процес = согласно привилегиите кои му се дадени. Системот се ажурира во реално време.
iKnow системот - упатство за користење:

Прилози
4.2.А - Правилник за условите на студирање на студиските програми на прв и на втор циклус на студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
4.2.Б - Закон за високо образование
4.2.В - Одлука за правила на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје
4.2. Г- Iknow системот
4.2. Д - Студентско досие во електронска и хартиена форма (согласно член 159 ЗВО)
4.2. Ѓ - Матична книга на запишани студенти (Согласно Член 159 ЗВО)

4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите.	Акт во кој е регулирано прашањето;

Дефинирана постапка која се применува за признавање на периодите на студирање и претходно учење

Во Законот за високо образование (Службен весник 102/2018) и Одлуката за правилата на студирање на прв и втор циклус студии на Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Факултет за физичко образование, спорт и

здравје - Скопје подетално се образложени и уредени напредувањето за време на студиите, премин од една програма во друга за време на студирањето, повторување на семестарот, условното напредување, признавањето на испитите и другите образовни активности положени на различни образовни установи, продолжување на студиите по прекинување, паралелното, интердисциплинарното и индивидуалното студирање.

Информации за определени образовни активности, како и реализирана мобилност исто така се евидентира и во студентското досие (го води службата за студентски прашања) - кое се води за секој студент и таму се евидентираат сите сегашни и претходни образовни активности и мобилности. Постојат посебни процедури и евиденција на пријавите и реализираните мобилности на студентите (посебно Еразмус). Согласно Законот за високо образование (член 159) на високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент. Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

Согласно постоечката законска регулатива нема правна обврска за евиденција и признавање на неформалното образование - (Факултетот нема евиденција за неформално образование). До учебната 2017/2018 година постоеше законска обврска за задолжителна практична настава, но и по престанокот на таа одредба, Факултетот преку склучени договори им дава поддршка на студентите во обезбедување на практичното образование.

Прилози
4.3.А - Исти како точка 4.2

4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна.	

Јасна, разбирлива и сеопфатна документација за стекната квалификација

По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја објаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии.

Во Законот за високо образование (Оддел 5, член 155) јасно е дефинирана рамката и содржината на Дипломата, уверението и додатокот на диплома, додека во посебен Правилник во Службен весник 102/2018 детално е утврдена формата и содржината на секој посебен документ кој се издава по завршување на студиите.

Документацијата која ја издава Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје е согласно оваа законска регулатива и истата е јасна, сеопфатна и разбирлива, исто како и дипломата која се издава.

Прилози
4.4. Прв циклус на студии
Втор циклус на студии
Трет циклус студии

Стандард 5

СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3]	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
5.1 Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети.	Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати); Одлуки за избор во звање; Преглед на предмети кои кадарот го предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице).
Во рамките на учебната 2022/23 наставата ја изведувале **36 редовни професори, 9 вонредни професори и 2 доценти.** Сите наставници се вработени со **полно работно** време и сите кои ја реализираат наставата имаат поточно 47 звање доктор на науки од соодветна област, а 5.1 Б одлуките за избор во звање Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје се залага за највисоки стандарди во процесот на ангажирање на кадрите. Во рамките наставниот процес вклучен е кадар кој пресретнува највисоки критериуми и соодветни квалификации за да ги задоволи потребите на наставно образовниот процес. Дополнителни информации околу тимовите и ангажманот на наставно научниот кадар се презентирани во прилог 5.1.В (Одлуки за за определување на координатори и членови на тимот) каде се прикажани одлуките за назначување координатори на секој од предметите како и членови на тимот кои можат да бидат вклучени во наставниот процес. Изборот на тимовите е направен согласно квалификациите и научните области на кои докторирале и се истовремено компетентни да се вклучат во наставно образовниот процес согласно табелата наведена во 5.1 Д, додека во прилот 5.1 Г се прикажани поединечно по професор предметите каде држат настава. Како дополнување презентирани се биографиите на наставниот кадар во рамките на 5.1 А и одлуките заедно со извештајот за избор за секој индивидуално од наставниот кадар. Со тоа уште еднаш поединечно се верификува потенцијалот кој го поседува наставно научниот кадар на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје. Од биографиите на наставниот кадар може да се согледа активното учество во процеси поврзани со унапредување на способностите, знаењата и квалификациите во изведување на студиските програми	
Прилози 5.1.А – Биографии на ангажираниот кадар (документот е прикачен заеднос со Извештајот за самоевалуација) 5.1.Б – Одлуки за избор во звање (Линковите се во табелата 5.4. од водичот). 5.1.Г – Список на предмети по професор,(Редовни професори, Вонредни професори, Доценти) (прикажани во табелата 5.3. од водичот). 5.1.Д – Табела звање и начна област во која е избран наставно научниот кадар по лице (Линковите се во табелата 5.4. од водичот).	
5.2 Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно научната област.	Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан групиран по категории предвидени во чл. 2. т.21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа; Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот.
Во рамките на извештајниот период евидентирани се поголем број на публикации, кои се насока на развој на научната мисла од соодветната област и истовремено нудат соодветна база за академски развој на кадрите кои се дел од Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје. Со годините бројот на публикации и во квалитативна и во квантитативна насока бележи позитивен тренд, со што се проширува научно истражувачкиот капацитет на целата институција. Во последните години има тренд на зголемување на квантитетот и квалитетот на објавените трудови. Имено, вкупниот број на објавени трудови во категоријата на трудови со оригинални научни резултати, објавен во	

[3] Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank се движи 10 со импакт фактор (ИФ) и 4 без ИФ во 2019 година, 8 со ИФ и 8 без ИФ во 2020 година, 13 со ИФ и 10 без ИФ во 2021, 15 со ИФ и 20 без ИФ во 2022, па се до 15 со ИФ и 19 без ИФ за нецела 2023 година, што претставува континуиран и значаен напредок.

Дополнително во прилозите е презентиран поединечниот придонес на целиот наставно научен кадар за периодот 2019-2024 година во Мастер табелата.

Прилози
5.2А - Референтни трудови со ИФ (трудовите се прикажани во табелата 5.2.Б. од водичот)
5.2Б - Референтни трудови без ИФ (трудовите се прикажани во табелата 5.2.Б. од водичот)

5.3 Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава	Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;* Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години; Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо); Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време.

- Ангажман согласно законските одредби

Во делот на наставниот процес кадарот на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје е вклучен во наставно образовните процеси на прв, втор и трет циклус на студии. Оптовареноста на кадарот е во согласност со Законот за високо образование член 161(5.3.Г), при што нема професори кои имаат повеќе од 4 предмети во текот на семестарот на прв и втор циклус студи. Во делот на наставните часови Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје ги пресретнува пропишаните акти од колективниот договор за високо образование и наука од 180 часа годишно наведени во член 34(5.3 Д). Истовремено во рамките на одлуката за утврдување и исплата на плати е пропишан соодносот на различните работни задачи во рамките на член 12(5.3 Д). Во делот на менторствата се води евиденција да не се надминуваат пропишаните насоки од ЗВО чл. 135 и чл. 134 за 12 менторства на втор циклус студии и 3 менторства на докторски студии (5.3Г). Во рамките на поединечните извештаи за реализирани активности може да се види индивидуалниот ангажман во текот на семестарот 5.3 А, со што дополнително се потврдува избалансираната оптовареност на наставниот кадар согласно поставените норми и стандарди.

- Број на часови на наставниот кадар

Во рамките на првиот циклус на студии, вкупниот број семестри предвидени со секоја од студиските програми изнесува 8, без исклучок. Ваквиот принцип на воедначеност е присутен и кај вкупниот фонд/број часови по задолжителни и изборни предмети. Дополнително, предвидениот фонд часови за студентска практика кај секоја студиска програма, целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил, и придонесува кон признавање на соодветниот профил од страна на други универзитети. Вкупниот фонд часови по одделни предметни програми соодветствува на стручниот профил што се очекува да се добие со завршување на одделната студиска програма. Исто така, предвидениот фонд часови за студентска практика целосно соодветствува на очекуваниот стручен профил.

Во делот на прв циклус на студии неделниот фонд на часови настава изнесува во принцип по предмет 4 часа, распределени помеѓу предавања и вежби.

Список на лица избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време на единицата се прикажани во прилог 5.3.В.

Вториот циклус на студии има 3 акредитирани програми каде предметите имаат 20 часа настава, како и 20 часа алоцирани за проектни и самостојни задачи неделно. Со оглед на тоа дека вкупно на сите програми во извештајните години се запишале помеѓу 32 и 39 кандидати, кои се распоредени во помали групи, наставата се

[4] Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

одвива и голем дел се одвиваше менторски во договор со наставниот кадар.
Во рамките на вториот циклус согласно стручноста е вклучен наставниот кадар во различните содржини, притоа Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје нуди 3 програми со цел да се пресретнат потребите и барањата на пазарот
Во рамките на докторската школа Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје е организатор на една акредитирана докторска програма и таму кадрите се согласно нивните квалификации вклучени во различни предметни програми.
Дополнително во прилог 5.1Г се прикажани сите предмети по професор на прв, втор и трет циклус студии.

Прилози
5.3.А - Распоред на часови 2023 (прв циклус)
5.3.Б - Доказ дека установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звањаво работен однос со полно работно време;
5.3.В - Список на лица со полно работно време на единицата и предметите (пофонд на часови) кои ги предаваат во текот на годината на прв циклус;
5.3 Г- Закон за високо образование;
5.3 Д - Колективен договор за високо образование
5.3 Ѓ- Одлука за плати

5.4 Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми.	Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања); Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години). Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна.

Воведени транспарентни, јасни и во согласност со законските нормативи процеси на вработување кои овозможуваат еднакви можности

Во делот на процесите на ангажирање кадри постојат строги законски нормативи за ангажирање наставен кадар, при што Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје одржува високо ниво на доследност и квалитет за спроведувањето на истите. При изборите, реизборите и унапредувањата на наставниците и соработниците, Факултетот во целост ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, недвосмислено ги спроведува Статутот и усвоените единствени критериуми за избор во наставно-научни звања на Универзитетот, како и Правилникот за внатрешни односи и работењето на Факултетот. Како потврда на тоа говори и фактот што во последните неколку години на Факултетот на спроведените избори или реизбори во звање немало никакви забелешки, поплаки или жалби во однос на постапката, објективноста или критериумите во оценувањето на наставно- научните и стручни резултати на избраните кадри.

Дополнително потребно е да се истакне дека сите рецензентски извештаи заедно со одлуката за избор се наоѓаат во билтените на Универзитетот и можат да се најдат онлајн. Во рамките на овие извештаи се елаборира постапката во целост, како и аргументите зошто била избрана одредена личност во одредено звање.

Континуирано унапредување на праксата за да кореспондира со утврдените критериуми

Како што веќе беше наведено, динамиката и заложбите на кадровската политика на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје беа во насока на обезбедување на дополнителни кадри. Академската слобода е загарантирана во делот на избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања во рамките на чл.8 од Законот за високо образование и таа наметнува потреба за јасни, транспаренти и праведни процеси на вработување, кои соодветно се регулирани со одделните акти кои дополнително го определуваат процесот на селекција и избор, а гарантираат и соодветна транспарентност. Во рамките Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања и демонстратори се пропишани сите детали околу критериумите за избор. Истовремено на веб страницата се објавени за секој од избраните кандидати рецензентските извештаи, проследени со одлуката за избор и истовремено може да се најдат на профилот на секој од ангажираниот наставно научен и соработничките кадар.

Прилози
5.4.А – Акт на установата (Статут)

5.4.Б – Правилник за систематизација на работните места ФФОСЗ - Скопје
5.4. В - Рецензентски извештаи и одлуки за избор во звање (по лице) прикажаниво профилот на секој вработен кадар на веб страната на Факултетот (Линковите се во табелата 5.4. од водичот)
5.4. Г - Правилник за избор во наставно - научни, научни, наставно – стручни и соработнички звања и демонстратори

5.5 Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа.	Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар; Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата; Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање); Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата; Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми.

Во делот на процесите кои се одвиваат редовно на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје наставно-образовните кадри имаат на располагање библиотека со читална со 20 кориснички места, 1 амфитеатар со вкупен број од 100 седишта, 5 предавални со вкупен број на 140 седишта, 1 компјутерска училница со вкупно 274 работни места.

Во библиотеката на Факултетот се обезбедени доволно наслови согласно нормативите на министерството од предложената задолжителна (10%) и дополнителна (5%) литература. За пребарување литература во функција на совладување на содржините од наставните програми на студентите на располагање им стојат компјутерски лаборатории со можност за пребарување на интернет и различни бази на податоци до кои Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ има пристап.

Факултетот за Физичко образование ,спорт и здравје поседува библиотека со вкупно-наслови,примероци од стручна литература ,книги и учебници 6176. Во овој број спаѓаат и посебните збирки на докторски дисертации, магистерски трудови, како и речници и прирачници, материјали од научни собири и конференции, стандарди и сл.

Во вкупниот број наслови влклучени се : магистерски 116, докторски 104. Вкипно магистерски, докторски и дипломски 2501.

Постапка за обезбедување соодветни услови за наставниот кадар

Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје има поставено стратегиски план кој се рефлектира и соодветно обработува во годишен план. Согласно овие основни планови, се прави план за набавки, а тие се спроведуваат согласно законската регулатива и се проследени со транспарентни постапки за кои се изработуваат извештаи. Извештаите се секогаш дел од расправата на Деканатската управа и се одобруваат од страна на ННС.

Во делот на проектните активности истите најпрво се иницираат од страна на институтите и одделот, при што се поднесуваат барања кои се разгледуваат најпрво на Деканатска управа и после на Наставно научниот совет. Доколку ги поминат овие филтри се одобрува нивната реализација. Проектите, зависно од нивната динамика најмалку еднаш годишно, имаат обврска да доставуваат соодветно извештаи кои понатака се разгледуваат на Деканатска управа и на ННС.

Прилози
5.5.А – Последен попис на библиотечен фонд

5.6 Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини Установата редовно ги	Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар. Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма; Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма . Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар

следи техничките вештини на наставниот кадар.	во последните пет години; Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо).

Постоење на Правилник за стимулирање на професионалното усовршување

Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје континуирано се залага за унапредување на сите процеси, како и креирање на можности за обука и едукација на наставниот кадар. Во продолжение се наведени активностите во рамките на извештајниот период се прикажани соодветно позначајните активности. Дополнително треба да се истакне дека Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје на редовна основа во текот на годината согласно член 21 од Правилникот за финансиска поддршка на активностите поврзани со научно-истражувачката работа и меѓународната соработка за развој на науката и образованието на Факкултетот (прилог 5.6 А) давателите на услугите (наставниот кадар) нуди можност во текот на една календарска година да искористат средства во висина од 500 евра во денарска против вредност изразени во бруто износ за научни престои, учество на конференции, семинари, обуки, летни школи, работилници и други облици на стручно усовршување. Во оваа насока на индивидуално ниво наставниот кадар има прилика да учествува на различни обуки кои соодветно го профилираат и унапредуваат наставно образовниот процес, преку што се обезбедува соодветна можност да се развиваат педагошките и техничките вештини.

Обуки за наставниот кадар

Во изминатата година двајца од професорите присуствуваа на обука за Самоевалуација организирана од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

Исто така, еден професор и еден асиситен присуствувале 5 дена на обука за усовршување на скијачката техника во организација на SPE Balkan ski во Република Словенија.

Прилози

5.6.А - Правилник за стручно усовршување на вработените на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје

5.6.В - Годишен извештај 2022-23

5.7 Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност.	Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години; Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат).

Како дел од лицата вклучени во наставно образовни процеси посебно на прв циклус на студии може да се истакнат: Проф. Наталија Балаге од Универзитет во Каталонија, Шпанија; Проф. Милан Чох, Универзитет во Љубљана, Словенија, Проф. Мехмет Гунај, Универзитет Гази, Турција, Проф. Кит Дејвидс, Универзитет во Манчестер, Англија.

Активна вклученост на визитинг кадар во реализација на студиската програма

Во извештајниот период, имајќи ја предвид отежната состојба за реализирање на процесите, посебно како резултат на Covid-19 кризата, немаше голема активност која е евидентирана во делот на визитинг професори. Сепак присуството на афирмирани лица во наставата не недостасуваше по иницијатива на наставниот кадар. Истовремено во најава се дополнителни ангажмани на лица во периодот што следни и веќе се иницираат процеси на институционално ангажирање на визитинг наставници. Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје има листа на договори кои се склучени со странски универзитети, каде во меморандумите за соработка како и Еразмус договорите секогаш се вклучени опциите за вклучување на визитинг професори.

Реномирани професори од бројни странски високообразовни институции учествуваа на предавањата како гости предавачи во рамките на дојдовна мобилност и како наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата. Лицата вклучени во наставно образовните процеси за извештајниот период се наведени во точка 9.5.

Профилот е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност

Во извештајниот период на редовна основа се присутни експерти и гости спикери во наставно образовниот процес. Има одредено намалување на присуството на луѓе од практиката посебно во пандемската година, каде напорите беа пред се на соодветно организирање на наставниот процес, истовремено може да се истакне голем број на гости предавачи не беа соодветно административно евидентирани. Согласно евиденцијата на податоци за одржани предавања од страна на гостин-спикер/стручњак од праксата на прв циклус студии во 2021 биле

вклучени 3 гости предавачи, а во 2022 биле вклучени 8, исто така и во 2023 бројот е 8. Преку партиципацијата на овие лица во наставниот процес се обезбедува додадена вредност за студентите. Во продолжение се сумирани активностите во делот на ангажираните гости предавачи како дел од процесите на вклучување на апликативни знаења во наставниот процес.

Спикерите вклучени во наставата беа од следниве компании/институции: Агенција за млади и спорт, Македонски Олимписки Комитет, Ракометна федерација на Македонија, Кошаркарска федерација на Македонија, Фудбалска федерација на Македонија, Одбојкарска федерација на Македонија, Сојуз на спортски федерации на Македонија, Федерација на училишен спорт на Македонија.

Во прилог 5.7 А дадена е целосната евиденција на гости предавачи.

Прилози

5.7 А Евиденција на гости предавачи.

5.8 Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен.	Конкретни примери и резултати, најдобри практики.

Мобилност

Во насока на унапредување на истражувачките капацитети на наставно- научниот кадар во овој извештајниот период се организираа значително повеќе работилници кои се фокусираат на истражувачки вештини и методологии кои веќе беа наведени. Покрај редовното објавување на научно истражувачки трудови од страна на наставниот кадар на Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје , секако често се прават соработки со студентите посебно на прв и втор циклус студии. Факултетот се стреми да им овозможи на своите вработени и студенти активно да се вклучат во меѓународни активности преку обезбедувањето на мобилност за наставен кадар и студенти.

Проекти

Во извештајниот период редовно се аплицира на проектни повици, а при тоа добиени преку 30 проекти во последните 5 години, меѓу кои се и следните:

- „Подобрување на квалитетот на физичкото образование на ниво на основно образование и презентирање на неговата важност и значење за здравјето и доброто на генерациите кои доаѓаат“ [Improving the quality of physical education at primary education level and presenting its relevance and importance for the health and well being of the coming generations], Erasmus+ Cooperation for innovation and the Exchange of Good practices, KA201, Strategic Partnership for school education (2017-1-MKO1-KA201-035380);2018
- „Млади Спортски Надежи“ 2019 г.
- „Мерење на антропометриските показатели и тестирање на базичните и ситуационо-моторичките способности на ракометари членови на младинската репрезентација на Македонија“ 2020 г.
- „Следење на физичкиот и моторичкиот развој на учениците од Општина Кисела Вода“.
- „Следење на физичкиот и моторичкиот развој на учениците од Општина Богданци.“
- „Мерење и тестирање на женската одбојкарска младинска репрезентација на Македонија“ 2021 г.
- „Аналитика и дијагностика на антрополошкиот статус на машките младински репрезентации“ 2022 г.
- „Аналитика и дијагностика на антрополошкиот статус на млади талентирани мечувалци“ 20022 г.
- „Аналитика и дијагностика на антрополошкиот стаутус на ученици од Република Македонија“ 2023 г
- „Создавање на животни шапиони (Creating life chapion) – ERAZMUS +
- „Социјална, културна и спортска мобилнис“ TRUY AOUTH2003“.-ERAZMUS +

Работилници и обуки

Факултетот континуирано се залага за унапредување на научната работа и истовремено зајакнување на поврзаноста меѓу наставата и науката. Колаборација помеѓу студентите и наставниот кадар е континуиран и се бараат начини да се вградат истражувачки иницијативи во кои ќе бидат вклучени и млади истражувачи.

Прилози

5.8 Одлука за отпочнување на реализација на научен проект

5.9 Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.	Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии.

Активно воведување на иновации во настава поддржани со нови технологии

Факултетот ја продолжува својата стратегиска заложба согласно годишниот план на активности за унапредување на постојните и воведување на нови методи за настава. Имајќи го предвид интердисциплинарниот карактер и целите на предметот Биомеханика во чии рамки функционира Мобилна биомеханичко-спортска лабораторија, за реализирање на практичната настава по опредеметот Биомеханика и предметот Биомеханичка дијагностика се користат современи инструменти од лабораторијата кои обезбедуваат анализа на кинематичките и динамичките показатели на физичката перформанса. Овој пристап овозможува студентите не само теоретски да го совладаат материјалот, туку и активно да го применат знаењето во реални сценарија.

Треба да се истакне дека потенцијалот на оваа лабораторија не е целосно искорстен, па затоа во иднина е неопходно понатамошно вложување во модерни технологии и инструменти.

Студентите активно ги користат можностите на Аналитичко-дијагностичка лабораторија за да учат, соработуваат и остваруваат своите идеи. Активностите кои беа реализирани во лабораторијата:

- Процена на моторичките способности
- Процена на функционалните способности
- Процена на морфолошките карактеристики
- Анализа на телесниот состав
- Процена на спортскиот талент
- Процена на нивото на спортската (физичка) форма
- Мониторирање на развојот на моторичките способности
- Мониторирање на развојот на спортската техника
- Мониторирање на ефикасноста на тренажниот процес

Во 2024 година беше формиран научно-истражувачки клуб на студенти „да Винчи“. Главен императив на клубот е да ги воведе заинтересираните студентите во основите на научната работа и истражувањето, создавајќи платформа за размена на знаења, искуства и идеи. Клубот претставува можност за студентите да се запознаат со методологиите на научниот процес, да учествуваат во истражувања и проекти, и да ги развијат своите аналитички и критички вештини.
Една од значајните активност на клубот беше и реализацијата на научнот проект со наслов „Релации помеѓу показатели од телесниот состав и моторичките способности кај студенти од ФФОС3“ кој финансиски беше поддржан од Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Прилози
5.9.А – Иновации во наставата

5.10 Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот; Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години).

Изграден систем на етички правила со соодветна техничка поддршка. Факултет за физичко образование, спорт и здравје - Скопје согласно согласно член 19 и 20 од етичкиот кодекс не прифаќа никаква форма на фалсификат или плагијат. Соодветно поднесувањето на трудови во рамките на наставно образовниот процес посебно во делот на магистерски и докторски трудови се бара од кандидатот да поднесе соодветна изјава за оригиналност, во спротивно кандидатите може да бидат изложени на дисциплниска постапка. Кај трудовите на втор и трет циклус студии менторите ги поставуваат во системот за плагијати поставен од страна на МОН.

Прилози
5.10.А - Етички кодекс
Проверка на плагијати

5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат.	Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа. Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо).

Изграден процес за следење на научноистражувачка работа на вработените

Во рамките на установата извештајот за работата на Деканот на УниверзитетСв. Кирил и Методиј“ во Скопје ФФОС3 – Скопје е документ кој се подготвува еднаш годишно сумирајќи ги сите активности за претходната година.

Наставниот кадар има обврска да ги евидентираа соодветно сите активности во делот на научно истражувачката

работа во текот на годината. Истовремено се прават напори сите активности во овој дел да бидат видлив на онлајн платформите како што се Google scholar, Research gate, ORCID и сл. Во таа насока, тенденцијата на Факултетот е сите информации за онлајн платформите се поставени директно на веб страницата поединечно како информација вклучена на профилите на веб страницата. Во делот на Статутот на УКИМ и Статутот на факултетот се утврдени активностите поврзани со научно истражувачката работа, а истото е во линија со дадените насоки од законот за научно-истражувачка дејност.
Прилози 5.11 А - Статутот ФФОС3 5.11 Б - Статутот нс УКИМ 5.11 В - Правилник за избор во звања

5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања.	5.12 А Годишен извештај 2022-23 Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки
Верификувана соодветност и важност на научно-истражувачката работа на наставно-научниот кадар Наставно-научниот кадар на факултетот континуирано придонесува за напредок на оваа област во работењето на факултетот, но и во како фактор во науката во општеството. Пример за ова се неколкуте научно-истражувачки проекти кои во кои вработените на Факултетот се активно вклучени како носители и/или учесници во нив и истите се веќе наведени и опишани во точка 5 (5.2, 5.6 и 5.8) погоре	
Прилози 5.12.А – Класификација на научно истражувачките подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација 5.12.Б -Закон за научно истражувачка дејност	

Стандард 6

СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен.	Финансиски план од претходните пет години Финансиски извештаи од претходните пет години Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа)
Факултетот се финансира со средства од Министерството за образование и наука, кои се наадополнува со сопствени приходи од закупнин. Според последната завршна сметка за календарската 2023 година вкупните приходи на факултетот изнесуваат 65 764 765 денари од кои 63% се средства од Министерство за образование и наука (сметка 603) со сопствени приходи од самофинансирачки активности(сметка 788) и 30% се приход од закупнини 7% . Финансиските планови и финансиските извештаији на факултетот за изминатите пет години се дадени во прилог. Покрај ова факултетот за дел од проектите кои ги реализира (Еразмус и други) согласно правилниците на УКИМ , се финансира преку Универзитетот , односно администрирањето и распределувањето на финансиските средства, се врши централизирано преку Ректоратот на Универзитетот . До сите единки па и до факултетот за	

физичко образование , спорт и здравје-Скопје . Финансиските планови и финансиските извештаји на факултетот за изминатите пет години дадени се во прилог.

Прилози

6.1.А - Финансиски планови за последните 5 години

6.2. Б - Финансиски извештај

6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата.	Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби); Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите; Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма); Попис на информатички ресурси за учење на далечина; Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби; Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата.

Вкупниот простор на факултетот наменет за изведување настава и научно-истражувачка дејност опфаќа 1311м^2, односно површина по запишан студент 3,5м^2.При тоа во функција на реализација на сите студиски програми на факултетот расположливи простори се:: за потребите на наставата, Факултетот користи 3 сали за практичната настава со вкупна површина од околу 1500 м^2, базен, двор со површина од 1500 м^2, еден амфитеатар и 2 училници, кои ги делиме со Спортската гимназија “Методиј Митевски - Брицо” (паралелки на Македонски јазик и паралелки на Албански јазик) и Спортската академија. Но со оглед на тоа дека за користењето на некои од нив ФФОСЗ мора да плаќа од сопствени средства, тоа го доведува Факултетот во уште полоша финансиска положба (базенот, за наставата по пливање со ватерполо, како). Факултетот има и 36 простории (за управа, администрација, состаноци, библиотека, кабинети за професори и др.) со вкупна површина од 587 м^2. Површината на овој простор на еден студент не ги задоволува критериумите во однос на квалитетот на материјално-техничките услови.

Но сепак, мораме да истакнеме дека просторните услови на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје само делумно ги задоволуваат потребите, првенствено заради тоа што ги користиме заедно со Спортската гимназија “Методиј Митевски - Брицо”. Дополнителен проблем за Факултетот е работата на Спортската академија, на која заради постоењето на многу групи спортови и веќе три генерации ученици, и се потребни многу термини не само во салата „Македонски херои”, туку и во амфитеатарот и училниците за теоретската настава. Заради тоа се соочуваме со сериозен проблем околу просторните можности за одржување на теоретската и практичната настава на студентите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.Заради тоа наставата на Факултетот се изведува во две смени. Состојбата се усложнува заради немање на термини во кои студентите ќе можат дополнително да се ангажираат и вежбаат за совладување на наставните содржини од практичниот дел на испитите. Состојбата би била полесна доколку Факултетот би работел само во една смена.

Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование изградија нова спортска сала на Факулетот, во која во различни смени со Спортската академија се реализира практичната настава Материјално- техничките услови на Факултетот ги задоволуваат потребите на наставно-истражувачката работа. Имено, на Факултетот секој наставник има свој компјутер, т.е. лаптоп, кои се користат и во наставата, а вкупно има околу 40 компјутери со општи и специфични совтвери, 30 печатари, поврзани во мрежи на самиот факултет но и со универзитетскиот центар, пристап до информации на интернет. Освен тоа, на Факултетот има 10 ЛЦД - проектори, кои исто така, се користат во наставата, неколку скенери, графоскоп, фотокопир, а од неодамна е направен договор со мобилен оператор, што овозможува непречена комуникација меѓу вработените.

Сепак, мораме да истакнеме дека на Факултетот нема современи апарати и софтвери кои се користат во светот, а кои служат за подобра дијагностика на состојбата на спортистите, но и за следење на нивната спортска форма. Во таа насока се прават напори да се обнови постоечката и да сенабави нова современа опрема за таа намена.

Заради новите критериуми предвидени во Законот за високото образование, државата треба да одобри 40% од средствата за научноистражувачка работа, за да може поголем број на наставници и соработници да се вклучат во проекти и да можат да учествуваат на конгреси и симпозиуми во странство. Освен тоа, треба да се потенцира и важноста на размената на кадар (наставници и соработници) со сродни факултети во странство.

Web страната на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје постои повеќе години, и е постојано дополнувана со нови информации. Сега таа е целосно редизајнирана и навистина секојдневно се дополнува со сите нови информации кои им се потребни на студентите. Новина е што истата е достапна и во англиска верзија.

На Web-страната, покрај сите информации кои се поврзани со наставата на трите циклуси студии, студентите и посетителите на страната имаат можност да ги посетуваат страниците на научното списание Research in Phusical Education, Sport and Health и стручното списание Кондиција кои ги издава Факултетот.
Сите простории на факултетот за изведување на настава се содветно опремени. Амфитетарот со ЛЦД проектор, магнетна табла,како и спортските сали кои се соодветно опремени според потребите за наставата.
Дополнително во однос на вкупната опрема Факултетот расопала со следнава состојба:клупи и столчиња за амфитетар и учили 106, десктоп компјутери 45, лаптоп преносни компјутери 33, печатач црно-бели 10, ЛЦД проектор 2 , фотокопир 1, факс-телефон 1
Факултетот за Физичко образование ,спорт и здравје поседува библиотека со вкупно-наслови,примероци од стручна литература ,книги и учебници 6176.
Во вкупниот број наслови влклучени се : магистерски 116, докторски 104. Вкипно магистерски, докторски и дипломски 2501.
Учење од далечина се спроведува преку Microsoft teams со кои се оствари двонасочна комуникација помегу наставниците и студентите, посебно во времето на Covid-19 пандемијата.
Наставниот кадар и студентите користат I-Know кој служи како студенски сервис.
Конкретно студентите кој пријавуваат испити преку I-Know платформата , имат преглед за пријавени и положени испити.
Техничките ресурси се редовно одржувани.

Прилози

6.2.А. Пописна листа од евиденција на основни средстства

6.2.Б. Извештај од последна ревизија на библиотичен фонд

6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции.	Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби; Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби; Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период).

Во рамките на Факултетот за извршување на стручните и административните работи е организирана стручна и административна служба која ја сочинуваат :оделение за општи и правни работи, оделенние за финансиско сметководство и материјално работење, оделение за студенски прашања, оделение за библиотечно работење и советник за ИКТ.

Називот и описот на работните места во помошните и административните служби ,условите потребни за извршување на работните задачи и обврски на оделни работни места се утврдени во Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот ,,Сц, Кирил и Методиј,, во Скопје .

Вкупниот број на вработени во помошните и административните служби на Факултетот изнесува 7 лица, од кои 5 лица се со високо образование, 2 лица се со средно образование. Според работното место на Факултетот се вработени 1 секретар, 1 раководител на одделение за студенски прашања, 1 советник за библиотично работење, 1 раководител на оделение за финансии и материјана работа и општи работи , 1 самостоен референд на благајна, 1 самостоен референд на благајна , 1 самостоен референт за архива , самостоен ИТК.

Во одделениието за студентски прашања на трите циклуси на студии со вработено едно лице, кои електронски во рамките на универзитетскиот студентски софтвери ги води сите процеси , како што се пријавување на студенти за упис на факултет, нивни напредување низ студиските години, се до дипломирањето, согласно редовните и периодичните потреби ги опслужуваат и сите категории студенти: 1) студенти повозрасни од 25 години, вонредни студенти, вработени студенти и други, преку постојаната достапност за електронска комуникација, но и преку практиката на отворени часови за прием без ограничување, односно во текот на целото работно време на службата од 08:00 до 16:00 часот секој работен ден,како и по потреба или барање на студентите термини надвор

од споменатите, 2) редовни студенти преку електронска комуникација и отворени часови за прием од 12.00 до 14.00 часот секој работен ден. Вработените во помошните и административните служби на Факултетот се доусовршуваат преку редовно посетување на обуки за развој на компетенциите. Листата на сите вработени лица во помошно-административните служби на факултетот, како и листата на вработени кои посетиле обука за доусовршување во изминативе пет години се дадени во прилог.
Прилози 6.3. А. - Правилник за систематизација на работните места факултет за физичко образование, спорт и здравје-Скопје 6.3.Б. - Листа на вработени во помошно административните служби 6.3.В. - Листа на вработени во помошно административните служби кои посетиле обука, курс или советување за стручно усовршување во последните 5 години (податоците се прикажани во табелата 6.3. од водичот)

6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии.	Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот); Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии.

На Факултетот за Физичко образование,спорт и здравје-Скопје се организираат и одржуваат настани и активности во насока на унапредување на образовниот процес, научноистражувачки активности. На факултетот се реализирани неколку домашни и меѓународни научни истаражувачки проекти во кои се вклучени повеќе студенти: 1. Костадин Коџоман 2. Нена Гонтарева 3. Игор Савески 4. Филип Макаловски 5. Денис Радески 6. Катерина Поповска 7. Кристијан Карафиловски 8. Теодор Терзиев 9. Бруно Дукетиш Повеќе информации за научно-истражувачките проекти во кои се вклучени студенти на Факултетот се дадени во прилог.
Прилози 6.4.А - Листа на студенти кои се ангажирани во научно-истражувачки проекти на Факултетот и приказ на проектите (студентите се прикажани во табелата 6.4. од водичот) 6.4.В – Видео презентација за Erasmus+ Макфит програмата спонзорирана од Ерасмус.

6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др.	Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата; Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години; Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години; Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години.

Согласно член 12, од Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, со одлука на Наставно – научниот совет, формиран е Центарот за кариера на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, во кој се именувани: Претседател проф. д-р Милан Наумовски, членови: проф. д-р Серјожа Гонтарев, проф. д-р Александар Ацески и вонр. проф д-р Влатко Неделковски. Начинот на работа, делокругот, надлежносите и активностите на Центарот за кариера се утврдени со Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје. На Факултетот се водат алумни дата база на податоци во електронска форма за дипломирани студенти и тоа: дипломираните студенти пополнуваат пристапница која содржи: основни лични податоци за дипломираниот

студент, студиска програма и насока, степен на образование, година на дипломирање, податоци за контакт (телефон, e-mail адреса и сл.). Преку пристапниците кои ги потпишуваат студентите, овозможуваат Центарот за кариера да оствари комуникација со јавни и приватни институции во насока на нивно идно вработување.
Согласно член 7, од Правилникот за основање и работа на центрите за кариера на единиците на УКИМ, Центарот за кариера на ФФОСЗ во состав на УКИМ –Скопје, во согласност со своите надлежности ги превзема следните активности:
Учествува во организација на задолжителната практична настава на студентите во основните и средните училишта во Македонија.
Организира и реализира практична настава со студентите.
Во насока за поттикнување и организирање на волонтерската работа на студентите, Центарот за кариера ангажира студенти врз база на волонтерство во следните активности: координатори на спортски натпревари: фудбал, ракомет, кошарка, одбојка, атлетика, карате, куглање и др., промотори на физичката активност во функција на здравјето, актини учесници во Аеробик конвенциите кои се организираат низ нашата држава и надвор од неа, во Европската недела на движење ("MOVE WEEK"), манифестации и проекти под покровителство на Претседателот на државата "Спортот во функција на подобрување на меѓуетничките односи и толеранцијата", спортот во функција на намалување на насилството и агресијата кај младите".
Склучен е договор за соработка и мобилност со Универзитетот од Словенија, Факултетот за спорт – Љубљана, Велико Трново, Република Бугарија, НСА-Софија, Бугарија,Факултет за спорт -Литванија, Финска и веќе се реализирани повеке мобилности на студенти и наставен кадар.
Во рамките на проектот "Континуирано усовршување на професорите пофизичко образовани, спорт и здравје", кој се ралізира во соработка со Министерството за образование, Агенцијата за млади и спорт и Бирото за развој на образованието во Република Македонија, Центарот за кариера анажира студенти и дипломирани професори кои се и несе во работен однос.
Центарот за кариера организира посети на студентите во спортските федерации и спортските клубови, со цел запознавање со функционирањето на истите и со .Спортската наука, как спој на теоријата и практика.

Прилози
6.5.А.- Линк до Центарот за кариера

6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти.	Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо); Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо); Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години; Доказ дека системот е функционален.

Алумни клубот е основан со цел поврзување на дипломираните студенти и работодавачите и развивање на свеста кај студентите и дипломците за современите услови на работа. Клубот е на располагање на студентите за да им помогне да развијат вештини и да стекнат знаења кои се исклучително важни за работата и вработувањето, да стекнат работно искуство за време на студиите и да се запознаат со заедницата на работодавачите и нејзините правила, како и да научат конструктивно да размислуваат за дадените можности.

Алумни клубот е организиран така што нуди стручна и корисна поддршка на студентите и дипломците во развивањето на вештини и знаења кои ќе им бидат неопходни при нивното вработување или понатамошното дообра-зување, како и поврзување на академската заедница и заедницата на работодавачите. Основните цели на овој клуб се поврзување на дипломираните студенти и работодавачите и развивањето на свеста кај студентите и дипломците за современите услови на работа, односно дека работодавачите бараат нешто повеќе од диплома. Структурата на алумни клубот им овозможува на студентите да разберат дека е потребно развивање на практични вештини и способности, поради нивната подобра подготовка за пазарот на трудот кој забрзано се менува.

Главните активности на алумни клубот би било кон кариерно истражување и олеснување при донесување на одлука, потврдување на интересите во реална работна ситуација, релевантно работно искуство од полето на интерес, искуство од учење кое што ги надминува границите на училницата, а со тоа и теоретското учење станува порелевантно за студентите.

Алумни асоцијацијата на факултетот досега сеуште нема воспоставена практика на организирање на редовни настани и други иницијативи со завршените студенти , при преместувањето на web страната од еден на друг сервер базта на податоци моментално е нефункционална , но во најкраток временски период факултетот работи на решавањето на овај проблем.

Прилози
6.6. А - Линк до Алумни клубот

6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет.	Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето; Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели); Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори; Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик; Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години.
Факултетското студенско собрание при Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје е собрание на претставници на студентите од прв , втор и третциклус на студии. Членовите и претседателот на Факултетското студенско собрание , избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање , со мандат од една година и со право на уште еден избор. Факултетското студенско собрание покрај претседателот се состоии од вкупно 7 членови , и тоа по 4 членови од редот на студентите од прва до четврата година на прв циклус студии, 1 член од студентите од втор циклус на студии , и 1 член од од студентите на трет циклус на студии и 1 претседател. Факултетското студенско собрание се залага за заштита на правата на студентите , нивно застапуавање и овозможување на подобра врска меѓу студентите и факултетот. Начинот на работа , изборот на претставници и нивниот број , составот , надлежноста, називот и седиштето , органите и телата , финансирањето и други прашања , се уредини со Статутот на Факултетското студенско собрание на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје . Студентите на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје земаат активно учество во управувањето на Факултетот , односнопреку свои претставници , учествуваат во работата на Деканската управа и Наставно-научниот совет на факултетот. Учеството на студентите во управувањето на факултетот е регулирано согласно Законот за високо образование. Статутот на УКИМ и Статутот на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје. Во Деканската управа на факултетот членува Претседателот на Факултетското студенско собрание, додека во Наставно-научниот совет членуваат 4 претставници од Факултетското студенско собрание. Студентите имаат свои претставници и во повеќе факултетски комисии. Така да во комисија за самоевалуација 2 членови од редот на студентите, во поткомисиите за самоевалуација на ниво на студиски програми 1 член е од редот на студентите, и сл. Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги предлега факултетското студенско собрание од редот на редовните студенти и факултетот. Во работата на Факултетот и Факултетското студенско собрание има за основна цел да ги брани правата на студентите на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје. Во рамките на Факултетското студенско собрание Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје редовно се организираат настани и активности во кои студентитее земаат активно учество.	
Прилози 6.7.А-Линк до актите во кои е регулирано учеството на студентите во управувањето на Факултетот. 6.7.Б- Одлука за избор на претседател и членови на Факултетското студенско собрание на Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје-Скопје 6.7.В- Записникот од избраната комисија за избор на претседател и членови на факултетското студенско собрание 6.7.Г- Одлука за избор на заменик студенски правобранител.	
6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање.	Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање; Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна.
Студентите се запознаваат со услугите и можностите кои им стојат на располагање во процесот на студирање преку информации објавени на веб страната на факултетот и на социјалните мрежи , понатаму преку посета на организирани настани од старна на факултетот .	
Прилози 6.8.А - Линк до интернет страната на факултетот на која се објавуваат конкурси, огласи и други актуелности од интерес на студентите.	

Стандард 7

СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет.	Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации Акт за регулирање (доколку е применливо) Доказ дека системот е функционален.
Факултетот редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности, со вклучување на учесници и засегнатите страни. Основен функционален систем преку кои Факултетот врши прибирање и обработка на најголемиот дел од податоците и информациите важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активностиповрзани за наставно-образовниот процес е I-KNOW системот. I-KNOW есистем кој е развиен и е одржуван од страна на Универзитетот ,,Св Кирил Методиј,, во Скопје , а факултетот како единица на УКИМ е нејзин корисник. Преку овај систем редовно се прибираат , следат и анализираат податоци за интерес на студентите за упис на соодветни студиски програми , бројот на запишани, дипломирани , магистрирании докторирани студенти на соодветните студиска програма, просечен успех, број на испишани студенти и др. Во овој процес вклучени се сите засегнати страни (студентите, административните служби, наставниот и соработничкиот кадар на установата) и согласно доделените привилегии секој корисник администрира (внесува и менаџира) со соодветни податоци за својата активности.	
Прилози 7.1.А - Правила за видливост на УКИМ https://is.iknow.ukim.mk/ Ризница на Универзитет „Св.Кирилл и Методиј“ во Скопје https://scholar.google.com/ https://www.researchgate.net/ https://orcid.org/	
7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн. Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.	Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци; Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот; Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот.
На Факултетот за физичко образование, спорт и здравје –Скопје се прибираат релеватни податоци за профилот и дејноста на установата . Податоци кои редовно се прибираат и анализираат се однесуваат најчесто на студенската популација , студијските програми , вработените во установата, напредокот на студентите , успехот и стапката на отпишување на студентите, ресурсите за учење и подршката кои се достапни за студентите , податоци за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери , податоци за соработка на установата со институции во и надвор од земјата , податоци за одржани настани , активности итн. Сите податоци поврзани со студенската популација се обезбедуваат преку софтверската апликација Iknow додека податоците поврзани со професионалниот развој на дипломираните студенти се следи преку процес на анкетирање на алумните.	

Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив.

Податоците и информациите обезбедени во овие процеси се ползуваат за планирање на активностите на Факултетот, како на пример промотивни активности и уписна политика , подобрување на наставата и наставните методи, подобрување на условите за студирање , вмрежување со странски партнери , подобрување на меѓународната соработка итн.

Прилози
7.2. А – Iknow системот
7.2. Б - Упатство за користење на iKnow – за студенти

7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат потребите на стратешкиот менаџмент на установата.	Информација за значајни настани, активности и процеси.

На Факултетот за Физичко образование,спорт и здравје-Скопје се организираат и одржуваат настани и активности во насока на унапредување на образовниот процес, научноистражувачки активности.

Во моментов на Факултетот нама посебен електронски регистар во кои се води евиденција за значајните настани и активности , додека пак во однос на значајните процеси , факултетот користи систем за управување со информации и документи –ДМС преку кои се менаџираат сите документи и информации за потребите на органите на управување на Факултетот

Прилози
7.3.А. Информациите за значајни настани, активности и процеси, факултетот редовно ги објавува на Годишните извештаји, како и веб страната на установат која редовно се ажурира , во следниве делови
7.3.Б. Информации за делот наука, научни трудови , публикации, награди

7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни.	Акт на установата; Опис на практиката за заштита на личните податоци; Други релевантни документи или политики на установата.

Воспоставени се мерки за заштита на информациите , Факултетот за физичко образование спорт и здравје – Скопје, при Универзитетот ,,Св.кирил и методиј,, во Скопје во рамките на својот делокруг на работење , а со цел извршување на својата основна дејност во доменот на образованието и науката , врши собирање , чување и обработка на лични податоци во согласност со одредбите на законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи, применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедноста на личните податоци. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, Факултетот соодветно ја обезбедува односно штити Личните податоци на сите засегнати страни согласно Законот за заштита на лични податоци и Планот и Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на факултетот за Физичко образование,спорт и здравје –Скопје , Универзитет,,Св.Кирил и Методиј,, во Скопје.
При тоа Факултетот за Физичко образование,спорт и здравје –Скопје, како единица на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј ,, во Скоје обработката на податоците на студентите во дигитална форма ги врши преку IKNOW системот . При тоа Факултетот за Физичко образование,спорт и здравје –Скопје како единица на Универзитетот ,,Св.Кирил и Методиј ,, во Скојпје е само корисник на наведениот систем

Прилози
7.4.А - Правилник за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на Факултетот за физичко образование спорт и здравје –Скопје, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Стандард 8

СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста.	Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата; Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите; Извештај за учество или организација на саем/и; Други релевантни материјали или конкретни примери.

Факултетот за физичко образование, спорт и здравје редовно организира промотивни кампањи кои се спроведуваат преку веб-страницата и социјалните мрежи на факултетот, како што се Facebook, Instagram, LinkedIn и YouTube. Овие активности се одвиваат континуирано во текот на целата година и вклучуваат поставување на постови за претставување на Факултетот, Институтот, научните списанија кои ги објавува Факултетот, како и организација на симпозиуми и конгреси. Информациите за претстојните уписи и претставувањето на студиските програми од втор и трет циклус на студии се редовно ажурирани и јавно достапни.

Факултетот редовно учествува на саеми за образование и организира јавни настани, каде што ги презентира своите активности и студиски програми. Преку овие активности, факултетот обезбедува постојана комуникација и информирање на потенцијалните и тековните студенти, како и на поширокатa јавност. Во рамките на својата дејност, Факултетот издава научно списание „Research in Physical Education, Sport and Health“, кое се занимава со теми од областа на општата и применетата кинезиологија. Списанието излегува двапати годишно, во јуни и декември, и е објавувано на англиски јазик со апстракти на англиски и македонски јазик.

Како дел од своите активности, Факултетот организира бројни настани и учествува во проекти кои се од особено значење за академската и поширокатa заедница. Во јуни 2021 година беше одржан Отворен ден на ФФОС3, а во мај и јуни 2024 година Факултетот беше домаќин на 18-тиот FIEPS Конгрес и 6-та RPESH Конференција. Во текот на 2024 година, Факултетот активно учествуваше и во Универзитетските спортски лиги, кои се редовно објавувани преку социјалните мрежи.

Факултетот нуди и online едукации преку Центарот за професионален развој и стручно усовршување, кои вклучуваат семинари и обуки на различни теми поврзани со физичкото образование. Во септември 2020 година беше организиран семинар на тема „Физичкото образование – Клучна компонента за квалитетна настава“, а во октомври 2021 година беше одржан семинар на тема „Предизвици и перспектива во наставата по физичко образование“. Дополнителни семинари беа организирани и во ноември 2021 година, на теми како што се раното образование и дидактичките аспекти во одделенската настава.

Факултетот редовно објавува трудови во своите списанија „PESH – Меѓународно научно списание - Истражувања во Физичкото образование Спорт и Здравје“ и „Кондиција – списание за стручно-научни трудови“. Овие публикации претставуваат значаен дел од академскиот придонес на факултетот и се достапни за поширокатa академска заедница и заинтересираната јавност

Прилози

На следните линкови може да се пристапи до профилите на ФФОС3:

1. ФФОС3 веб страна [линк]
2. Facebook [линк]
2. Instagram [линк]
4. Linked In [линк]
5. YouTube [линк]

Издвоени активности:

2021 јуни- Отворен ден ФФОС3 Јуни [линк]

- 2024 Мај/Јуни- 18ти FIEPS Конгрес + 6та RPESH Конференција [линк]
- 2024- Универзитетски спортски лиги [линк] – слични објави за сите досега одржани лиги по години. 2022

[линк]

- 2022 20 Април-5-та Меѓународна научна конференција -Истражување во физичкото образование, спортот и здравјето. Тема: Образовна револуција - здрава нација [линк]

Online едукации: Центарот за професионален развој и стручно усовршување при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје. On-line семинари

- 2020 24 септември – Тема: Физичкото образование – Клучна компонента за квалитетна настава [линк]
- 2021 26 Октомври-тема:"Предизвици и перспектива во наставата по физичко образование: Професионален развој и стручно усовршување на тандем наставниците". [линк]
- 2021 23 Септември- Тема: Педагошко, психолошки и социолошки компоненти во тандем наставата [линк]
- 2021 25 Ноември- Рано образование и дидактички аспекти во одделнската тандем настава/ Основи на атлетика и гимнастика во одделенската тандам настава [линк]

Списанија во кои се објавуваат трудови

- PESH – Меѓународно научно списание - Истражувања во Физичкото образование Спорт и Здравје [линк]
- Кондиција списание за стручно-научни трудови [линк]

8.2 Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование.	Линк до наведените елементи во индикатори; Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс.

Факултетот за физичко образование, спорт и здравје пред студентите се претставува со целосно организирана структура која обезбедува квалитетно и специјализирано образование во областа на физичкото образование, спортот и здравјето. Административниот кадар игра клучна улога во управувањето со секојдневните задачи и координацијата меѓу одделите, со што се осигурува непречено функционирање на факултетските активности. Катедрите, во склоп на Факултетот се фокусирани на специфични области, овозможувајќи на студентите да добијат специјализирано образование и да учествуваат во истражувачки проекти кои го унапредуваат знаењето во спортската наука.

Институтот за научно истражувачка работа во спортот, во склоп на Факултетот е посветен на промоција на научните истражувања и меѓународната соработка, додека Центарот за анализа и обработка на податоци обезбедува поддршка за истражувачките проекти преку научно засновани докази. Кариерниот центар помага на студентите и дипломираните студенти во нивниот професионален развој, а Алумни клубот одржува врските меѓу факултетот и неговите дипломци, обезбедувајќи континуирано образование и мрежно поврзување. Центарот за физичко образование се грижи за физичкиот и здравствениот развој на студентите, овозможувајќи им програми кои го поддржуваат нивниот целосен развој.

Факултетот е посветен на следење на современите трендови во образованието и спортската индустрија, постојано ажурирајќи ги своите програми и курсеви за да обезбеди релевантно и конкурентно образование. Наставните планови и студиските програми се широки, од физичко и здравствено образование до специјализирани струковни студии за спортски тренери, прилагодени на интересите и професионалните амбиции на студентите. Преку својата образовна активност, факултетот нуди додипломски, магистерски и докторски студии, подготвувајќи ги студентите за успешни кариери и придонес во спортската наука на национално и меѓународно ниво.

Прилози

Линк до наведените елементи во индикатори;

1. **Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО:**

- Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните

односи [линк]
- Правилник за внатрешната организација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје [линк]

2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно - [линк]
3. **Актот за систематизација;**
Правилник за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје– Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје (Анекс бр. 19) [линк]
4. **Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет;**
Деловник за начин на работа и одлучување на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, катедрите, работните и стручните тела и комисиите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје - [линк]
5. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот - [линк]
6. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година [линк]
7. Завршни сметки [линк]
8. Годишни извештаи [линк]
9. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови [линк]
10. Прифатени теми за изработка на докторски трудови [линк]
11. Акти кои ги носи единицата согласно други закони
- Антикорупциска програма [линк]
- Анонимизирано Решение по барање за слободен приспап до инф. од јавен карактер [линк]
- Анонимизиран Решение по барање за слободен пристап до инф. од јавен карактер [линк]

12. Етичкиот кодекс - [линк]

8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо).	Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа; Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо).

Институтот за научно-истражувачка работа во спортот при Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје е основан со цел да обезбеди научна поддршка за спортисти, ученици и рекреативци. Основната мисија на Институтот е да спроведува научноистражувачка и апликативна дејност, да организира стручни и советувачки активности, како и да учествува во создавањето на научен подмладок. Во неговиот состав работи „Аналитичко-дијагностичка лабораторија" која спроведува дијагностика на спортски перформанси, функционални и психолошки проценки, мониторинг на спортскиот развој и други услуги поврзани со спортот. Институтот, исто така, има најголема база на податоци за антрополошкиот статус на спортистите во Македонија, што претставува основа за многу научни трудови и истражувања

Како носител на Проектот Erasmus+ KA2 2017-1-MKO1-KA201-035380, познат како „ТАНДЕМ НАСТАВНИЦИ", Факултетот има значајно влијание врз подобрувањето на квалитетот на физичкото образование во основното образование преку воведување на иновативни часови каде, покрај одделенскиот наставник, е вклучен и предметен наставник по физичко образование. Успешноста на овој проект се одразува во редефинирањето на законската рамка и задолжително вклучувањето на дипломиран професор по физичко образование во наставата од прво до петто одделение, базирано на научно поткрепени факти кои ја докажуваат потребата од тандем настава. Овој модел овозможува поефективно насочување на децата кон спортски активности, подобрување на нивните физички способности и моторни вештини, како и создавање на здрави навики од најрана возраст, што е од особено значење за здравјето и доброто на идните генерации.

Прилози
8.3А - Предлог наставни програми по одделенија: прво [линк], второ [линк], четврто [линк], петто [линк].
8.3Б - Имплементирани наставни програми, по физичко и здравствено, од страна на Биро за развој на образованието од прво до деветто [линк] под "Физичко и здравствено образование" за секое одделение, на основа на предлозите од ФФСО3.
8.3В - Ефекти од иновативните тандем часови по физичко образование (одделенски наставник и наставник по физичко образование) кај децата од одделенска настава брошура [линк] / книга [линк] / прирачник [линк]
8.3Г - Монографија 40 години ФФОС3: Faculty of Physical Education, Sport and Health. (2018). *40 years of Faculty of*
8.3Д - *Physical Education, Sport and Health 1977/78–2017/18*. Faculty of Physical Education, Sport and Health, Ss. Cyril

and Methodius University in Skopje [линк] 8.3Ж - Докторски дисертации [линк

Стандард 9

СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА	
ИНДИКАТОР	ДОКУМЕНТАЦИЈА
9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена.	Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+; Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии); Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери).
Во период 2023/24 нема студенти кои користеле мобилност, вклучувајќи мобилност и преку програмата Еразмус+. .	
Прилози	
9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација. Овие индикатори редовно се следат. Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата.	Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација; Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација; Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка; Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација; Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн).
Факултетот има продекан за наука и меѓународна соработко, но нема посебно тело кое е надлежно за меѓународна соработка и интернационализација. Факултетот е во фаза на изготвување на акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација и истиот ќе биде донесен во најкус можен рок.	
Прилози	
9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн.	Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.).
Во периодот 2023/24 година факултет имал планирани 398.854,00 ден. средства за меѓународна соработка во ова сума се влезени и патни трошоци, дневници и слично. Во истиот период факултетот има искористено 276.750,00 ден.средства за меѓународна соработка од сопствени приходи.	
Прилози 9.3.Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка (табела 9.3. од водичот)	
9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети.	Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+; Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми); Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години); Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети.
Независно од незавидната финансиска поддршка, наставно-научниот кадар остварува успешни научно-	

истражувачки престои во разни балкански и европски научни центри, со бројни учества во научни собири, конференции во рамките на разни меѓународни проекти и соработка, како и ангажирање на научниот кадар на експертско ниво како рецензенти (peer- review) или како членови на уредувачки одбори во меѓународни списанија и разни меѓународни одбори.
Од 30.04 до 02.05.2024 се одржа 18ти FIEPS конгрес и 6та RPESH конференција кој беше во организација на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во соработка со Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ и Федерацијата на спортски педагози на Македонија, се одржа во Охрид. На Конгресот учествуваа над 300 гости од 35 земји учесници и беа презентирани 140 научни трудови

Прилози
9.4.А. Број на наставен кадар во формите на меѓународна соработка (табела 9.4.А од водичот)
9.4.Б - Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+.

9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува.	Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа); Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови; Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години.

Факултетот има меѓународна соработка со странски универзитети и научни институции, што резултирало низ годините со разни форми на заедничка работа: конференции, билатерални и мултилатерални проекти, заеднички публикации, учества во меѓународни редакции итн.
Размената на академски знаења се одвива и преку предавања на професори од странство, кои прават презентации на теми при своите посети на Факултетот. На пример, во 2024 година со свои предавања се претставија

1. Проф. д-р Нуно Андре Нунес, Универзитет „Солент“ во Саутхептон, Велика Британија
2. Проф. д-р Иван Чук, Универзитет Белград, Република Србија
3. Доц. Д-р Дарко Новак, Универзитет Загреб, Република Хрватска
4. Проф. д-р Саша Јаковљевиќ, Универзитет Белград, Република Србија
5. Проф. д-р Драгана Беич, Универзитетот во Ниш, Република Србија

За потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, како стручњак од практиката лицето Огнен Бражански е ангажиран за реализација на наставата ка задолжителниот предмет аншропомоторика, за СП физичко и здравствено образование и СП стручни студии за спортски тренери и за изборниот предмет фитиес и бодибилдинг за СП физичко и здравствено образование

Прилози
9.4.А. Листа на наставници од странство (табела 9.4.А од водичот)

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
Во овој дел може да се достават дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници.

Комисија за самоевалуација

Проф. д-р Серјожа Гонтарев – претседател

Проф. д-р Митричка Џамбазовска Старделова - член

Проф. д-р Александар Ацески – член

Доц. д-р Лука Поповски - член

Доц. д-р Јана Каршаковска Димитриоска – член

Студент Љубомир Смоковски – член

Студент Иван Крстевски - член

Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, Вонр. проф. д-р Влатко Неделковски со ЕМБГ 2106979450079 одговорно лице во високообразовната установа Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје - Скопје изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Факултетот за Физичко образование, спорт и здравје - Скопје за периодот 2023/2204 се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛ,

Вонр.Проф. д-р. Влатко Неделковски

(своерачен потпис)